ПАВЛИНКА ВЕЉАНОСКА

# ПРИРАЧНИК

по

## Музичко образование

за шесто одделение

м-р Павлинка Вељаноска

# ПРИРАЧНИК

по

Музичко образование

за шесто одделение



Почитувани наставници по Музичко образование!

Музиката како универзален јазик дава можност за создавање емоции, чувства и еднаквост меѓу различните култури. Во улога на наставници по Музичко образование вие сте привилегираниот водач кој ги воведува учениците во магичното патување во светот на музиката.

*Прирачникот по Музичко образование за шесто одделение* е помагало за часовите за збогатување и дополнување на вашата работа. Како основа се земени *Националните стандарди* според кои е изработена *Програмата*. При креирање на активностите се опфатени сите содржини и поими поврзани со стандардите за оценување. Тоа е направено преку разновидни општи методи кои се приспособени на содржините, но и карактеристични методи од музичката педагогија (традиционален, Сузуки, Кодаљ). Сценаријата за час се изготвени според АИДА- моделот кој најмногу одговара на основните начела на новата *Концепција за образование.* Вметнати се активности со *истражувачка настава, проблемски прашања и проектни активности* кои дополнително даваат динамика на наставниот процес, го осовременуваат наставниот пристап и им помагаат на учениците да добиваат знаење преку искуствено учење и учење со размислување. Различните современи техники се дел од мозаикот на сценаријата за час. Приспособени се според специфичноста на предметот и резултатите од учење.

Во секое сценарио за час има меѓутематска интеграција на двете теми *Слушање и разбирање на музиката* и *Музичка писменост и изведбени активности* затоа што музиката постојано во себе ги има овие сегменти. Има и меѓупредметна интеграција за да може содржините да се сфатат во поширок контекст. Во активностите се вметнати содржини од *медиумска писменост, меѓуетничка и интеркултурна интеграција.*

По сценаријата за час следуваат Материјалите за учење за учениците кои се вофункција на стандардите за оценување. Овие Материјали ќе ја олеснат работата на наставникот и ќе бидат во функција на формативното и сумативното оценување, а на ученикот ќе му помогнат да ги утврди знаењата од часот.

Ве советуваме да ги приспособите овие активности според потребите и интересите на вашите ученици. На тој начин наставата ќе биде функционална и ефективна и ќе се стреми кон постигнување на високи резултати од учењето.

Со најискрени желби за интерактивни и инспиративни часови по Музичко образование!

*Од авторката*

**Резултати од учење за темата *Слушање и разбирање на музиката***

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. идентификува и да разликува музички композиции од различни жанрови (класична музика, народна музика, популарна музика);
2. идентификува и да разликува народни песни со различна содржина и со потекло од различни етнички заедници од Северна Македонија;
3. ги разликува различните видови гласови, вокални состави и хорови и да ги препознава во вокалната музика што ја слуша;
4. ги разликува и да ги категоризира жичените музички инструменти и да ги препознава во инструменталната музика што ја слуша;
5. ги препознава елементите на музичките форми и да ја објаснува нивната поврзаност со карактерот на слушаните дела.

Ученикот/ученичката ќе развива:

6. интерес за слушање музика од различни жанрови.

**Резултати од учење за темата *Музичка писменост и изведбени активности***

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да разликува визуелно и аудитивно С-дур скала и а-мол скала – природен вид, да ги објаснува нивните елементи и да ги користи преку пеење/свирење едноставни вежби и двогласни канони со примена на нотен запис;
2. да пее песни различни по жанр, карактер и содржина и едноставни двогласни канони по слух со правилна примена на елементите на вокалната техника;
3. да ги препознава при слушање и соодветно да ги користи музичките изразни средства при пеење и свирење;
4. креативно да се изразува преку музиката и преку поврзување на музиката со други форми на уметничкото изразување.

# Насоки, упатства и активности за реализација на Наставната програма



# ДА ЖИВЕЕ МУЗИКАТА

**Содржини и поими**

**Пеење (опсег а – d2) и свирење на детски музички инструменти**

(народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, мелодиска вежба, ритмичка вежба, детски музички инструменти)

**Стандарди за оценување**

Учествува во заедничка изведба по слух; изведува по слух песни, вежби и едноставни двогласни канони самостојно или во група; пее/свири по слух песни, вежби и едноставни двогласни канони со правилен пејачки став, правилен начин на свирење и примена на музички изразни средства.

## *Сценарио за час*

***Воведен дел***

**Активност 1**

На првиот час по Музичко образование наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за музиката: Што претставува музиката за нив? Дали е дел од нивното секојдневие? Каква музика слушаат?

Преку техниката *Бура на идеи* учениците кажуваат еден збор кој ги асоцира на музика, зборот се запишува на хамер или на картички и се изработува пано за музиката. Потоа се работи техниката *Петоред* за зборот музика (прв ред–именка, основниот поим, во овој случај музика; втор ред – два глагола поврзани со зборот музика; трет ред – три придавки кои го опишуваат основниот збор; четврти ред – фраза од четири збора за музиката и петти ред – еден збор, синоним на основниот поим). Со оваа техника, покрај тоа што се продлабочува размислувањето, се прави и корелација со мајчин јазик.

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ги насочува учениците кон распејување и ги потсетува на правилниот пејачки став и правилната вокална техника. Учениците се распејуваат и внимаваат на насоките на наставникот.

Наставникот ги насочува учениците кон обработка на песната по слух „Viva la musica". Ги поттикнува да го преведат едноставниот текст на песната. Потоа наставникот еднаш ја пее песната со текст, а учениците слушаат. При второто пеење се вклучуваат и учениците. Песната се обработува во помали целини и со повеќе повторувања. Откако ќе се совладаат мелодијата и текстот, преку дискусија се одредуваат темпото и динамиката според претходно изучените поими. Учениците дискутираат кое темпо и која динамика најмногу одговараат на песната, како треба да звучи, односно каков е карактерот на песната (како неофицијална химна на музиката).

Песната се пее на различни начини: групно, во помали групи, индивидуално, пеење со ехо (еден ученик пее, а групата ја повторува фразата). Доколку има можност, песната може да се пее како канон, со тоа што наставникот го објаснува начинот на пеење. Учениците може да се придружуваат (прво и трето време – плескање со рацете; второ и четврто време – пукање со прстите) со што ќе се нагласи метарот на композицијата.




***Завршен дел***

**Активност 3**

Наставникот презентира видеопример со изведба на песната (канон) од детски хор. Учениците го проследуваат и дискутираат за начинот на изведбата, вокалната техника, составот кој ја изведува песната, музичко-изразните средства и др. Наставникот ги упатува учениците за наредните содржини кои ќе се изучуваат во текот на учебната година, а кои се застапени во видеопримерот (вокална музика, детски хор, канон, траење на нотите, темпо, динамика и др.).

***„Viva la musica"/Да живее музиката – М. Преториус***
https://www.youtube.com/watch?v=BVyB8SCYJuE

*Забелешка: Планирано е оваа песна да се обработува по слух. Меѓутоа, во неа има многу содржини кои се планирани во Програмата (траење и продолжување на нотите и паузите, канон, скала, детски хор и др.). Начинот со кој песната се обработува по слух, а подоцна се откриваат елементи на музичката писменост е еден фрагмент од Сузуки-методот кој овозможува музиката на децата да им се случува на спонтан начин. Веќе усвоената мелодија по слух во натамошните предвидени содржини може да се анализира од теоретски аспект. Така, оваа песна може да се употреби и на наредните часови каде што е планирано усвојување на други содржини.*

*Забелешка*: Наставникот може да обработи песна по слух по свој избор или да се проследи видеопримерот и да се дискутира за важноста на музиката.*

**Рефлексија**

Како ви се допадна денешниот час? Дали секој од вас ја научи песната (самооценување – покажи палец)? Дали имате прашања за дополнителни информации за денешната содржина?

**Средства**

Пијано, табла, хамер, картички, проектор, компјутер, звучници.

**Следење на напредокот**

Самооценување, усна повратна информација, листа за следење (чек-листа) на вклученоста во активностите.



# ХИМНА „ДЕНЕС НАД МАКЕДОНИЈА СЕ РАЃА“



**Содржини и поими**

**Насочено слушање музички дела**

(темпо, динамика, карактер на музиката, наслов на делото, композитор, жанр, елементи на музичката форма, изведувачки состав; свечена песна – химна, соло песна)

**Стандарди за оценување**

Препознава музички изразни средства во слушаната композиција/свечена песна – химна, соло песна и ги именува со стручни изрази; наведува наслов и композитор на познато музичко дело што го слуша; препознава изведувачки состав и елементи на музичката форма во музичкото дело што го слуша.

## *Сценарио за час*



***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците за активноста: *Доврши ја реченицата: Јас ја сакам мојата татковина затоа што...* Учениците одговараат и се прави постер со нивните искази. Се отвора дискусија за државните празници и симболи (знаме, грб и химна). Учениците ги опишуваат грбот и знамето и ги цртаат на постерот со искази. Се чита текстот на химната. Потоа се запишува во тетратките (Материјали за учење).

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ги поттикнува учениците за дискусија: Во кои пригоди се пее химната? На кој начин се пее и се слуша химната на нашата држава? Како треба да се однесуваме кога се интонира химна на друга држава?

Преку аудиозапис, наставникот ја презентира химната на нашата држава. Учениците стануваат и ја изведуваат.



Химна „Денес над Македонија се раѓа"
https://youtu.be/chPV4W0c_D0

Дискусијата продолжува со прашањата: Какви чувства буди кај вас интонирањето на химната? Каков карактер има химната? Во кое темпо се изведува за да се долови карактерот? Каков состав ја изведува? Со каков состав може да се изведува (оркестар, хор, солисти, оркестар и хор, популарни пејачи)?



**Активност 3**
Наставникот ги насочува учениците да најдат информации за авторите на химната, кога била напишана, кога е прогласена за химна на самостојна Македонија. Учениците истражуваат и ги презентираат добиените информации.

**Активност 4**
Со претходно подготвени материјали од страна на наставникот, учениците го изготвуваат знамето на нашата земја. Откако ќе го нацртаат и прикачат, повторно се слуша и се пее химната со развиорени знаменца. Наставникот посебно внимание обрнува на тоа учениците да го научат текстот и на начинот на изведба.



***Завршен дел***
**Активност 5**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за химните на другите држави. Учениците дискутираат каде најчесто ги слушаат тие химни (спортски натпревари, пречек на странски државници и сл.). Со помош на наставникот се наведуваат неколку наслови на химни на други држави. Наставникот им ја посочува на учениците химната на Европската Унија.

**Активност 6**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за тоа химната на нашата држава да се пее на почетокот на секоја работна недела од сите ученици во училиштето. (Практика од училишта во други држави.) Доколку учениците се согласат, тоа може да биде иницијатива од нивна страна да се воведе како активност во училиштето.

**Рефлексија**
Дали ви се допаднаа активностите на овој час? Дали секој од вас ја знае химната на нашата држава? Кои се авторите? Каков карактер има?
**Средства**
Уред за слушање музика, хамер, материјали за изработка на знаме, дигитални уреди, интернет.
**Следење на напредокот**
Усна повратна информација, листа за следење (чек-листа) на вклученоста во активностите.

# МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

**Содржини и поими**

Музички жанрови: класична, народна, популарна музика (класична музика, народна музика, поп, рок, детски рап).

**Стандарди за оценување**

Го идентификува жанрот на слушната музичка композиција; ги разликува и ги споредува карактеристиките на различните музички жанрови преку слушање музички композиции; наведува по две композиции од секој музички жанр.

## *Сценарио за час*



***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот им ја објаснува на учениците техниката *5 зошто*. Најпрво се поставува прашање со зборот *зошто* и се дава одговор. Одговорот се преформулира во прашање со зборот зошто (на пример: Зошто треба да слушаме музика? Затоа што музиката не развеселува. Зошто музиката не развеселува? итн...) и се добиваат 5 прашања и 5 одговори. Прашањето е *Зошто треба да слушаме музика?* Учениците работат во групи и преку дискусија во групите ја работат вежбата. Потоа ги презентираат прашањата и одговорите.



***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ги поттикнува учениците на разговор за тоа каква музика слушаат во слободно време. Учениците одговараат и заедно со наставникот го дефинираат жанрот и го запишуваат на табла. Наставникот дообјаснува дека видот на музика уште се нарекува жанр и заедно со учениците ги дефинираат основните жанрови: класична, народна, популарна музика и детски песни. Учениците наведуваат примери за различни жанрови на музика и дискутираат за омилените песни.

**Активност 3**

Наставникот презентира звучни примери за видовите жанрови. Учениците слушаат и по завршувањето дискутираат за композицијата (жанр, јазик на кој се пее, темпо, динамика, карактер, изведувачи и сл.). Се слушаат фрагменти.

По слушањето на примерите, учениците заедно со наставникот ги утврдуваат жанровите кои беа застапени во звучните примери и дискутираат за тоа која композиција им оставила најсилен впечаток и зошто. Ги дефинираат основните карактеристики и ги наведуваат разликите меѓу различните жанрови.



***Еј, гулаби бели*** **– А. Џамбазов/Г. Поповски**

https://youtu.be/dCkvfbTR1JQ

***Танец***

https://www.youtube.com/watch?v=ChY3O4aL7Tk

**Од фестивалот *Ylberi/Илбери* – официјален канал**

https://www.youtube.com/watch?v=y-PQat9XqQM

***„Мечтаење“*** **– Х. Виеѓавски, Христијан Моневски – виола**
https://www.youtube.com/watch?v=yW9_lJZWJPA

**Тоше Проески – концерт 1999,** *по избор на наставникот*
https://www.youtube.com/watch?v=9h1zhkbVNho

***Caje sukarije/Девојче убаво*** **– Есма Реџепова**
https://youtu.be/UcaHAL38j4M

***Sinoc ja i moja majka/Вчера јас и мојата мајка*** **– Нада Мамула**
https://www.youtube.com/watch?v=croLjn_lRRk

***Aşk/Љубов, İnönü Üniversitesi Çoksesli Korosu,*** **хор на универзитет *Инону***
https://www.youtube.com/watch?v=q5rB2ccqBL0

***Аве Марија*** **– Ф. Шуберт, Марија Калас**
https://www.youtube.com/watch?v=j8KL63r9Zcw

***Нишка бања*** **– српска народна песна, исполнува Хорот на виенските момчиња**
https://www.youtube.com/watch?v=jthbxJn6Ixc

***Feeling good/Се чувствувам добро –***
**A. Newley arr. D. Horn/А. Њули, аранжман Д. Хорн**
https://www.youtube.com/watch?v=owFg_xfbvuU



***Завршен дел***

**Активност 4**

Наставникот ги насочува учениците да направат листа на свои омилени композиции од различни жанрови. Исто така им дава насоки да состават листа на платформите за музика.

**Рефлексија**

Дали ви се допадна часот? Какви жанрови на музика слушавме? Каков жанр на музика вие сакате да слушате најмногу?

**Средства**

Уред за слушање музика, листови хартија.

**Следење на напредокот**

Учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушната музика.

# ТРАЕЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА НОТИТЕ И ПАУЗИТЕ

**Содржини и поими**

**Ноти, паузи, скали**

(тоновите а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите, знаци за продолжување на нотите и паузите, С-дур скала, а-мол скала – природен вид, степен, полустепен, стапало, тетракорд)

**Стандарди за оценување**

Препознава а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите и знаци за продолжување на нотите и паузите; запишува во петолиние а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите, знаци за продолжување на нотите и паузите.

## *Сценарио за час*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Учениците заедно со наставникот изготвуваат картички со изучените ноти и паузи (цела, половина, четвртина и осмина) за игра со меморија. Картичките се во парови, се ставаат по случаен редослед, а играта се игра во групи. При секое отворање на картичката, се именува нотата или паузата и нејзиното траење (препознавање). Истата игра може да се изготви и во дигитална форма. Оваа активност е за утврдување на изучените ноти и паузи и нивните траења од претходните одделенија.

**Активност 2**

Учениците се поделени во групи и пред нив има картички од изучените ноти и паузи. Наставникот пее ритмичка вежба, а учениците слушаат и ја креваат соодветната картичка според нотата или паузата. Еден од учениците тоа го запишува на табла. Потоа учениците ја препишуваат вежбата и заедно ја тактираат.

***Главен дел***

**Активност 3**

Наставникот пее ритмичка вежба, притоа вметнува ноти кои траат 3 или 6 удари и корона. Поставува *проблемско прашање* како да се запишат тие ноти. Учениците даваат предлози. Наставникот им објаснува дека покрај основните ноти и паузи, има и знаци за продолжување на нотите и паузите: лак, точка и корона. Им ја објаснува нивната функција. Потоа ги насочува учениците да напишат ноти кои траат 3, 5, 6, 7, 8, 9 удари со помош на знаците за продолжување (лак и точка). Учениците ги презентираат своите примери на табла.

**Активност 4**

Учениците заедно со наставникот осмислуваат движење за секоја нота и пауза (и ноти и паузи) со знаци за продолжување (на пример: цела нота – плескање со рацете, половина со точка – тропкање на колената, половина нота – пукање со прстите, четвртина нота – скок, осмина нота – скокање на една нога). Овие движења се само предлог. Учениците може да дадат свои предлози. Сето ова е во четвртински такт и мерна единица е четвртина, односно четири плескања со рацете, две пукања со прстите и сл. Наставникот тактира, а учениците ја изведуваат ритмичката вежба со движење. Ова е еден пример на *Кодаљ-метод* каде што учениците преку движење ги усвојуваат траењата на нотите и паузите.

***Завршен дел***

**Активност 5**

Наставникот ги насочува учениците да го изработат наставниот лист со Музичка математика (прилог).

**Активност 6**

Музички круг

Учениците се делат во 4 групи. Секоја група составува ритмичка вежба од 4 такта со употреба на знаците за продолжување на нотите и паузите. Ја запишуваат на лист. Вежбите се изведуваат во круг со однапред утврден редослед. Потоа листовите се разменуваат меѓу групите и се менува редоследот. Така настануваат ритмички вежби со повеќе комбинации.

*Забелешка: Наведени се повеќе активности, наставникот има можност за избор и за приспособување на активностите според можностите и способностите на учениците и условите за работа.*

**Рефлексија**

Дали ви се допадна часот? Која активност ви беше најинтересна? За што ни служеа овие активности, што утврдивме, а што научивме ново?

**Средства**

Табла, хамер, листови, картички, наставни листови.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, писмена повратна информација – наставен лист, листа за следење (чек-листа) на вклученоста во активностите.

# С-дур **СКАЛА**

**Содржини и поими**

**Ноти, паузи, скали**

(тоновите а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите, знаци за продолжување на нотите и паузите, С-дур скала, а-мол скала – природен вид, степен, полустепен, стапало, тетракорд)

**Стандарди за оценување**

Ги запишува скалите C-dur и a-moll – природен вид и нивните елементи; пее/свири песни и вежби во опсег а – d2 со примена на нотен запис.

## *Сценарио за час*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот подготвува прашања напишани на картички или изготвува дигитална содржина (игра, квиз) за повторување на содржините и поимите за С-дур скала (дијагностичко оценување). Учениците одговараат, може да бидат поделени во групи, да се надополнуваат, а со тоа да го презентираат своето знаење од претходното одделение. Наставникот ги следиодговорите и го утврдува знаењето на учениците, односно колку имаат познавање од претходно.



***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот повикува осум ученика и ги подредува по ред. Им дава листови со имињата на тоновите, на секој ученик по еден. Заедно, сите ученици ја пеат основната скала. Скалата се запишува на табла. Наставникот ги приближува третиот и четвртиот и седмиот и осмиот ученик. Ги поттикнува учениците на дискусија за растојанието меѓу учениците, кои стојат поблиску, а кои се раздалечени. Така се утврдуваат целите и полустепените, со дообјаснување од наставникот. Се забележуваат целите и полустепените на табла. Потоа наставникот ја дели групата на два еднакви дела од по четири тона и го објаснува поимот тетракорд. Се обележуваат тетракордите на табла. Оваа активност може да се одвива и на скалила во холот на училиштето за подобро визуелно претставување на висината на тоновите.

**Активност 3**

Наставникот обезбедува услови (училишни таблети, кабинет по информатика и сл.) и ги насочува учениците да истражуваат *(истражувачка настава)* за имињата на тоновите. Ги дели учениците во три групи и на секоја група ѝ дава посебни задачи: 1. Од кога потекнуваат имињата на тоновите и кој ги измислил? 2. Како се запишувала музиката пред да се измислат тоновите кои денес ги користиме? 3. Дали имињата на тоновите може да се преведат на различни јазици? Откако ќе добијат информации, учениците презентираат, а наставникот дообјаснува. Се забележуваат на табла аретинските и абецедните имиња на тоновите. Потоа наставникот ги запишува стапалата и заедно се дефинира поимот стапало. Учениците препишуваат во тетратките.

*Забелешка: Доколку нема услови за истражување на интернет, наставникот приготвува текст од кој учениците изработуваат презентација.*

**Активност 4**

Наставникот свири мелодија во С-дур скала, а учениците ја запишуваат во тетратките (диктат). Потоа учениците ја пеат, а наставникот ги придружува. Учениците ја свират мелодијата на детски музички инструменти, применувајќи темпо и динамика. Наставникот свири неколку теми во С-дур скала, а учениците објаснуваат за звучноста на дурскиот тоналитет.

***Завршен дел***

**Активност 5**

Наставникот изготвува сложувалка од неколку музички мотиви кои може да се подредат по различен распоред. Учениците работат во групи. Ги подредуваат мотивите по различен распоред и ги изведуваат со пеење или свирење. Наставникот ги поттикнува да додадат динамички знаци и да ги изведат во различно темпо, притоа употребувајќи соодветни поими. Потоа учениците одбираат која комбинација звучи најдобро. Оваа активност може да се реализира и со дигитални алатки и апликации за пишување ноти.

**Рефлексија**

Учениците запишуваат по едно прашање на лист хартија за содржините и поимите од часот. Ја туткаат хартијата во форма на топка. На даден знак ја фрлаат високо и пречекуваат друга топка. Го отвораат листот, го читаат прашањето и го одговараат.

**Средства**

Картички, дигитални содржини, дигитални уреди, табла, пијано, листови хартија.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности.

# а-мало и h-мало

**Содржини и поими**

**Ноти, паузи, скали** (тоновите а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите, знаци за продолжување на нотите и паузите, C-дур скала, а-мол скала – природен вид, степен, полустепен, стапало, тетракорд).

**Стандарди за оценување**

Препознава а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите и знаци за продолжување на нотите и паузите; запишува во петолиние а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите, знаци за продолжување на нотите и паузите.

## *Сценарио за час*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Музичко бинго

Наставникот изготвува различни комбинации на бинго-картички со изучените тонови (напишани во петолиние) и кратки мелодиски мотиви.Ги распоредува на картичките по случаен избор. Ги дели учениците во групи. Наставникот пее еден тон или мелодиски мотив, а учениците го бараат во картичката и доколку го има, го заокружуваат. Победник е групата која прва ќе ги заокружи сите тонови или кратки мелодиски мотиви и извикува: „БИНГО!“ Наставникот може да ја изработи играта и во дигитална форма.

**Активност 2**

Наставникот може да изработи дигитални игри за местото на тоновите во петолинието на големиот број платформи за таа намена (на пример: wordwall.net, kahoot.com и др.). Играта може да се игра самостојно или во група со давање одговори или доколку постои можност, на дигитални уреди. На овој начин ќе се развива натпреварувачкиот дух и тимската работа.

***Главен дел***

**Активност 3**

Наставникот презентира на проектор слика од тонски систем. Ги насочува учениците на дискусија. Колку тонови има? Како се запишани? Кој ги изведува највисоките, а кој најниските тонови? Освен тоновите во петолинието, на кој друг начин може да се запишат (помошни линии)? Ги поттикнува учениците да ги воочат и да ги покажат изучените тонови од првата октава. Потоа заеднички ја пеат C-дур скалата. Наставникот им посочува на учениците дека ќе ја отсвири уште еднаш C-дур скалата, а потоа ќе отсвири уште два тона (h - мало и а –мало), а учениците треба да слушаат внимателно.

Откако ќе ги отсвири новите два тона, ги поттикнува учениците на дискусија: Кои се тие тонови? Каде се движи мелодиската линија? Како да се запишат тие тонови? На кој начин се користи местото на запишување на помошната и под помошната линија?
Откако заеднички ќе се утврди, се запишуваат тоновите h-мало и а-мало во петолиние на табла, а учениците ги запишуваат во тетратките. Потоа заеднички се пее C-дур скалата и на крајот се пеат h-мало и а-мало. Наставникот пее кратки мелодиски мотиви со покажување на тоновите, а учениците повторуваат.

**Активност 4**
Наставникот презентира мелодиски вежби со сите изучени тонови, вклучително и h-мало и а-мало. Вежбите се препишуваат во тетратките и се обработуваат. Доколку постојат услови, вежбите може да се запишат и во дигитални алатки за оваа намена (голем број апликации за таблет-компјутер, паметна табла или паметен телефон). На тој начин учениците ќе имаат можност да ја преслушаат вежбата, да вметнуваат различно темпо и динамика.



***Завршен дел***
**Активност 5**
Наставникот изготвува наставни ливчиња со мелодиски вежби во кои ги има вметнато тоновите h-мало и а-мало. Учениците треба да воочат колку пати во мелодиската вежба се појавуваат овие тонови.



**Рефлексија**
Со кои тонови се запознавме денес? Каде се пишуваат овие тонови? На која октава ѝ припаѓаат?

**Средства**
Картички, табла, дигитални уреди, проектор, слика со тонски систем, наставни ливчиња, дигитални платформи за пишување ноти.

**Следење на напредокот**
Усна повратна информација, писмена повратна информација – наставен лист, листа за следење (чек-листа) на вклученоста во планираните активности.

# ТЕМПО

**Содржини и поими**

**Музички изразни средства – динамика и темпо во музичката изведба** (динамика и динамичко нијансирање: пиано (piano), пианисимо (pianissimo), форте (forte), фортисимо (fortissimo), мецофорте (mezzo-forte), мецопиано (mezzo-piano), крешендо (crescendo), декрешендо (decrescendo); темпо: адаџо (Adagio), ленто (Lento), ларго (Largo), модерато (Moderato), анданте (Andante), алегро (Allegro), виво (Vivo), престо (Presto); метроном)

**Стандарди за оценување**

Определува динамика и темпо во дадена музичка изведба; го поврзува карактерот на музиката со музичките изразни средства; применува одредени музички изразни средства во сопствената изведба.

## *Сценарио за час*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците да го поврзат зборот темпо со секојдневни ситуации (одење, зборување, биење на срцето и сл.).

**Активност 2**

Наставникот изготвува наставни ливчиња или квиз со дигитални алатки за утврдување на знаењето за темпо од претходните одделенија (дијагностичко оценување). Учениците работат самостојно.

**Активност 3**

Учениците ја работат техниката *ЗСУ*. Се црта табела со три колони. Во првата колона (Знам) запишуваат сѐ што знаат за темпо, во втората колона (Сакам да знам) запишуваат што сакаат да научат. Третата колона (Учам) ја пополнуваат на крајот од часот. Во неа запишуваат што научиле.

***Главен дел***

**Активност 4**

Наставникот ги изговара називите за темпо и ги поттикнува учениците да воочат од кој јазик потекнуваат. Им објаснува за универзалниот јазик на музиката и прифаќањето на овие називи како интернационални. Потоа им го објаснува значењето на називите на мајчин јазик (Adagio, Lento, Largo, Moderato, Andante, Allegro, Vivo, Presto). Заедно со учениците, преку техниката *Грозд*, ги распределуваат називите и објаснувањето на мајчин јазик во основните три групи на темпо: брзо, умерено и бавно. Преку презентација на партитури, учениците воочуваат и дефинираат каде стои називот за темпо. Наставникот им презентира метроном, а учениците менуваат различно темпо и ја осознаваат неговата функција. Наставникот им презентира дигитален метроном, односно апликација, на паметна табла, компјутер или телефон и ги насочува како може да го користат.

**Активност 5**

Учениците одбираат една песна (пример: „Драги бато“) и со поддршка од метрономот ја пеат во различно темпо. Наставникот ги поттикнува на дискусија: Кое темпо најмногу одговара според карактерот на песната? Дали различното темпо влијае на карактерот на песната? Се донесува заеднички заклучок, а наставникот потенцира дека за сите композиции темпото има битна улога за доловување на карактерот на композицијата.

**Активност 6**

Наставникот презентира звучен пример и им објаснува на учениците за унгарскиот танц чардаш. Ги насочува учениците да го воочат темпото. По завршување на композицијата, учениците дискутираат за темпото во првиот и вториот дел, а наставникот ги поттикнува да користат стручни називи. Композицијата се слуша уште еднаш, а наставникот ги поттикнува учениците да танцуваат и преку движења да го искажат темпото.

*Чардаш* – В. Монти (бавно – брзо)
Изведба со виолина и оркестар:
https://www.youtube.com/watch?v=WTc-KoBAKts



**Активност 7**

Наставникот презентира звучен пример и им објаснува на учениците за композицијата. Ги насочува да го воочат темпото и изведувачкиот состав. По завршување на композицијата, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија: Како ви се допадна композицијата? Во кое темпо е? Каков е карактерот? Каков состав ја изведува? Дали ќе биде ист карактерот ако композицијата се изведува во темпо престо (Presto)?

*Адаџо* – Т. Албињони
(бавно темпо) – фрагмент
https://www.youtube.com/watch?v=XMbvcp480Y4

*Завршен дел*

**Активност 8**

Наставникот презентира мелодиска вежба со изучените елементи на музичката писменост. Вежбата се обработува, а учениците се насочуваат да ставаат назив за темпо на почетокот на вежбата над петолинието и да ја испеат во соодветното темпо. Може да користат и метроном.

**Активност 9**

Учениците ја пополнуваат третата колона од табелата *ЗСУ*, односно што научиле од овој час. Наставникот ги поттикнува да си создадат свој концепт и да се присетат на сите нови поими од часот.

**Рефлексија**

Како ви се допадна часот? Што ви беше најинтересно? Со што го надополнивте вашето знаење за темпо?

**Средства**

Наставни ливчиња, проектор, метроном, уред за слушање музика.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, писмена повратна информација, листа за следење (чек-листа) на активноста за време на часот, бодовна листа за одговори на поставени прашања.



# ДИНАМИКА

**Содржини и поими**

**Музички изразни средства – динамика и темпо во музичката изведба** (динамика и динамичко нијансирање: пиано (piano), пианисимо (pianissimo), форте (forte), фортисимо (fortissimo), мецофорте (mezzo-forte), мецопиано (mezzo-piano), крешендо (crescendo), декрешендо (decrescendo); темпо: адаџо (Adagio), ленто (Lento), ларго (Largo), модерато (Moderato), анданте (Andante), Алегро (allegro), виво (Vivo), престо (Presto); метроном)

**Стандарди за оценување**

Определува динамика и темпо во дадена музичка изведба; го поврзува карактерот на музиката со музичките изразни средства; применува одредени музички изразни средства во сопствената изведба.

## *Сценарио за час*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Преку техниката *Киплинг-прашања*, наставникот ги поттикнува учениците да ги повторат и да ги утврдат претходните знаења за динамика: **Што** е динамика во музиката? **Зошто** има динамика во секоја композиција? **Кои** се основни динамички знаци? **Каде** се впишуваат динамичките знаци во композицијата? **Како** ги изведуваме динамичките знаци додека свириме или пееме? Учениците работат во групи и ги презентираат своите одговори. Следува заедничка дискусија.

Оваа техника им овозможува на учениците да ги утврдат претходните знаења и да навлезат во содржината од повеќе аспекти со продлабочено размислување. Работата во групи е погодна затоа што учениците соработуваат, размислуваат, презентираат свои ставови, ги почитуваат ставовите на другите ученици. На тој начин го надополнуваат своето знаење, што е карактеристично за конструктивистичкото учење.

**Активност 2**

Наставникот ги насочува учениците кон активноста *Топло – ладно*. Еден ученик излегува од училницата, а останатите ученици сокриваат еден предмет на скришно место. Ученикот влегува во училницата, а учениците почнуваат да пеат песна или да свират на детски музички инструменти. Кога ученикот кој го бара предметот е подалеку од него, учениците пеат тивко, а кога се наближува до предметот, останатите пеат погласно. Така му помагаат на ученикот да го најде предметот, а во исто време применуваат динамика и динамички нијансирања. По завршување на играта, наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за примена на динамиката преку оваа активност.

***Главен дел***

**Активност 3**

Наставникот пее мелодиска вежба или песна, а учениците ги воочуваат различните динамички нијансирања. Потоа заеднички ги дефинираат и ги објаснуваат преку практична примена (piano, pianissimo, forte, fortissimo, mezzo-forte, mezzo-piano, crescendo, decrescendo). Преку графикон ги претставуваат динамичките знаци почнувајќи од најтивко, па до најгласно.

**Активност 4**

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за тоа која динамика ја има едно деноноќие. Кога е најгласно, а кога е најтивко? Кои нијанси на динамика ги има во текот на денот и ноќта? Дава вовед во звучниот пример кој следува. Учениците дискутираат кои звуци ги слушаат наутро. Се пристапува кон слушање на композицијата со насока за воочување на динамиката и поврзување со карактерот.

***Утро*** од суитата ***Пер Гинт*** – Е. Григ,
Симфониски оркестар на ФМУ,
Борјан Цанев – диригент
https://www.youtube.com/watch?v=fgK3RRZjPDY&t=248s

По завршување на композицијата, се води дискусија: Кој ја изведува композицијата? Каква динамика има на почетокот? Какви чувства предизвика кај вас? Како го замислувате утрото опишано во композицијата? Дали ќе беше ист карактер ако композицијата почнеше со fortissimo? Како продолжува композицијата понатаму? Дали има различни динамички нијансирања? Што за вас асоцираат различните динамички нијансирања (будење на природата, сонцето грее силно и сл.)?
По дискусијата, композицијата се слуша повторно.

***Завршен дел***

**Активност 5**

Наставникот презентира партитура со знаци за динамика и темпо. Учениците ги воочуваат и заеднички се дефинира каде стојат овие знаци.

**Активност 6**

Наставникот презентира мелодиска вежба. Учениците ја препишуваат. Наставникот ги насочува да запишат знаци за темпо и динамика и да ја испеат вежбата со примена на темпо и динамика. Доколку има можност, вежбата може да се препише на дигитален уред во соодветна апликација со вметнување и менување на знаци за темпо и динамика за да се воочи разликата.

**Рефлексија**

Со кои нови содржини и поими се запознавме овој час? Која композиција ја слушавме? Дали ве интересираат дополнителни информации во врска со динамиката?

**Средства**

Уред за слушање музика, табла, дигитални уреди, листови хартија.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, листа за следење (чек-листа) на вклученоста во активностите, бодовна листа за одговори на прашања поставени од наставникот.

# „В'ЛТАВА“ – Б. СМЕТАНА

**Содржини и поими**

**Насочено слушање музички дела** (темпо, динамика, карактер на музиката, наслов на делото, композитор, жанр, елементи на музичката форма, изведувачки состав; свечена песна – химна, соло песна)

**Стандарди за оценување**

Препознава музички изразни средства во слушаната композиција/свечена песна – химна, соло песна и ги именува со стручни изрази; наведува наслов и композитор на познато музичко дело што го слуша; препознава изведувачки состав и елементи на музичката форма во музичкото дело што го слуша.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за класичната музика преку прашањата: Дали знаеме правилно да слушаме класична музика? Како да ги разбереме музичките пораки? Како може со тонови да се „наслика“ случување во природата, да се искажат чувства, да се прикаже некакво случување? Како изразните средства со кои се запознавме (темпо, динамика, агогика) придонесуваат за естетско доживување на музиката?

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ги запознава учениците со композицијата *В'лтава* од Беџих Сметана. Се прави корелација со предметот Географија. Учениците ја бараат реката В'лтава на географска карта и воочуваат во која држава е течението. Се бара и главниот град на Чешка. Наставникот им објаснува на учениците за композицијата, за темите во неа и ги запишува на табла заедно со насловот на композицијата и композиторот. Учениците препишуваат во тетратките. Се презентира звучниот пример. Наставникот ги потенцира темите. По завршување на композицијата се развива дискусија за впечатоците и за естетското доживување. Учениците ги искажуваат своите чувства преку говорна вежба. Композицијата се слуша внимателно уште еднаш. Наставникот ги прашува учениците: Кој ја изведува композицијата? Дали е вокална или инструментална? Во кое темпо е и дали се менува темпото? Во кои теми се менува? Каква е динамиката во композицијата? Во која тема е најтивко, а во која тема е најгласно? Зошто?

***В'лтава* – Б. Сметана**

https://www.youtube.com/watch?v=3G4NKzmfC-Q

**Активност 3**
По второто слушање наставникот ги насочува учениците да ги искажат своите доживувања преку техниката *Скелетен приказ*. Во Материјалите за учење (или во тетратката) учениците според сопственото доживување на композицијата треба да напишат една реченица, фраза, збор, симбол или скица, боја и да ја дополнат реченицата: „Композицијата ми се допадна поради..."

***Завршен дел***
**Активност 4**
Наставникот ги насочува учениците преку цртеж да ги претстават темите на композицијата. Може да работат во групи или самостојно. Се дефинира во кој формат и во која техника ќе работат. Потоа изработките ги претставуваат во форма на стрип. Исто така, наставникот ги поттикнува учениците да изработат мултимедијална содржина, односно да ги сликаат или да ги скенираат цртежите и да изработат видеоматеријал со музичка подлога од композицијата, а на секоја тема да го вметнат соодветниот цртеж (*проектна активност*). Поради временското ограничување на часот, овие активности може да се изработат и на додатната настава. Откако ќе се добие продукт, може да се сподели на веб-страницата на училиштето или како стрип во училиштен весник (*Медиумска писменост*).

**Рефлекси5а**
Која композиција ја слушавме денес? Кој е композитор на композицијата?Кои се темите на композицијата? Каков состав ја изведува композицијата?

**Средства**
Уред за слушање музика, хартија, прибор за цртање, географска карта на Европа, работни листови.

**Следење на напредокот**
Учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушнатата музика и за креативно музичко изразување, изработките (цртежи, стрип, видеоматеријал).



# ПРИКАЗНА ЗА МУЗИКАТА

**Содржини и поими**
**Креативно музичко изразување** (создавање, танцување, приказни за музиката, музички игри, драматизација)

**Стандарди за оценување**
Учествува во заеднички креативни музички активности; нуди идеи за изведби со кои музиката се поврзува со други начини на креативно изразување.

## *Сценарио за часот*



***Воведен дел***
**Активност 1**
Наставникот ги поттикнува учениците да споделат еден факт и едно мислење за есента. (Содржини од *Медиумска писменост*. Факт: кај нас есента доаѓа на 23 септември. Мислење: есента е најубаво годишно време.) Учениците размислуваат и одговараат. Потоа се води дискусија за годишното време есен. Наставникот презентира илустрација за есента, а учениците ја опишуваат преку говорна вежба.





***Главен дел***
**Активност 2**
Наставникот ги насочува учениците кон слушање на композицијата *Тага за ластовичките* од Тома Прошев. Го запишува насловот на композицијата на табла. Учениците ја слушаат композицијата. По завршување на композицијата, се води дискусија преку прашањата: Какви чувства буди композицијата? Каква е по карактер? Со кој инструмент се изведува? Какво е темпото и динамиката? Што ни опишува композицијата?
На ист начин се презентира и втората композиција *Гладно врапче* од Благоја Ивановски, а потоа се дискутира за неа.

***Тага за ластовичките*** – Тома Прошев,
Дарко Кулевски - хармоника
https://www.youtube.com/watch?v=8cUHyK_pfoI

***Гладно врапче*** – Благоја Ивановски,
Нора Бајрами – пијано
https://www.youtube.com/watch?v=I4QZUw74UjE&list=PLudg2mgYY40ArIkpl2iCTrKUk0ZKIv1oO&index=25

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците кон активноста за изработка на мултимедијална содржина – Приказна за музиката (*проектна настава*). Учениците се групираат според афинитетите. Прва група – истражување за композициите и композиторите; втора група – пишување поезија или нарација инспирирана од композициите; трета група – изработка на цртеж за композициите; четврта група – изработка на видеопрезентација за композициите. Учениците работат во групи, а наставникот им дава поддршка, ги насочува кон ресурси (веб-страници, литература). Им дава насоки како да ги организираат содржините (текст, илустрации, музика). Првата група создава текст (кој може и да се чита во видеопрезентацијата) со информации за композициите и композиторите, но прави и паралела меѓу двете композиции (ластовичките и врапчето) според карактерот и музичките изразни средства. Втората група пишува кратка поезија или нарација за композициите. Текстот се пишува или се чита во видеопрезентацијата (според идеите на групата). Третата група црта илустрација поврзана со композициите. Потоа ја изработува во дигитална форма (со фотографирање или скенирање) за да може да се вметне во видеопрезентацијата. Четвртата група создава видеоприказна за музиката користејќи ги предложените алатки кои се едноставни за користење или алатки по свој избор. Ги вметнува сите изработки и додава музичка подлога од двете композиции.

Предлог дигитални алатки за реализација на мултимедијална содржина:
https://app.bookcreator.com/
https://www.storyboardthat.com/
https://animoto.com/

***Завршен дел***

**Активност 4**

По завршување со активностите, изработките (продуктите) се презентираат во рамки на паралелката. Учениците даваат повратна информација, односно меѓусебно оценување. Се даваат насоки за подобрување преку дискусија. Изработките може да се презентираат и пред останатите ученици во училиштето или да се објават на веб-страницата на училиштето (Медиумска писменост). Доколку е потребно повеќе време, оваа активност може да се доработи на наредниот час или во рамки на додатната настава. Доколку нема услови за изработка на видеопрезентација, се изготвува постер.

**Рефлексија**

Дали ви се допаднаа активностите на часот? Кои композиции ги слушавме?

**Средства**

Уред за слушање музика, дигитални уреди, прибор за цртање, дигитални алатки, интернет.

**Следење на напредокот**

Учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушнатата музика и за креативно музичко изразување, изработките (илустрации, презентации, проекти и сл.).

# Материјали за учење
# за учениците



# ДА ЖИВЕЕ МУЗИКАТА

Напиши петоред со зборови кои го опишуваат поимот

**музика.**

(два глагола) ______ ______

(три придавки) ______ ______ ______

(една фраза од 4 збора) ______ ______ ______ ______

(синоним) ______




Реши го анаграмот.

| м | у | з | и | к | а | т | н | в | е | л | о | ќ | р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |

1 2 3 4 5 6 7 6   4 1 6   2 8 4 9 10 14 3 6 11 8 6   1 12 13

# ХИМНА „ДЕНЕС НАД МАКЕДОНИЈА СЕ РАЃА"



Доврши ја реченицата:

**Ја сакам мојата татковина затоа што...**

„ДЕНЕС НАД МАКЕДОНИЈА СЕ РАЃА"

ДЕНЕС НАД МАКЕДОНИЈА СЕ РАЃА
НОВО СОНЦЕ НА СЛОБОДАТА.
МАКЕДОНЦИТЕ СЕ БОРАТ
ЗА СВОИТЕ ПРАВДИНИ.
МАКЕДОНЦИТЕ СЕ БОРАТ
ЗА СВОИТЕ ПРАВДИНИ.

ОДНОВО СЕГА ЗНАМЕТО СЕ ВЕЕ
НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА.
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, ПИТУ ГУЛИ, ДАМЕ
ГРУЕВ, САНДАНСКИ.
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, ПИТУ ГУЛИ,
ДАМЕ ГРУЕВ, САНДАНСКИ.

ГОРИТЕ МАКЕДОНСКИ ШУМНО ПЕАТ
НОВИ ПЕСНИ, НОВИ ВЕСНИЦИ.
МАКЕДОНИЈА СЛОБОДНА, СЛОБОДНО
ЖИВЕЕ.
МАКЕДОНИЈА СЛОБОДНА,
СЛОБОДНО ЖИВЕЕ.



Изработи знаменца на нашата татковина и украси го музичкиот кабинет по повод државни празници.



# МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

1. Изработи ја самостојно или во група вежбата ***5 зошто***.

| | |
|---|---|
| 1. Зошто треба да слушаме музика? | Затоа што |
| 2. Зошто ? | Затоа што |
| 3. Зошто ? | Затоа што |
| 4. Зошто ? | Затоа што |
| 5. Зошто ? | Затоа што |

2. Претстави ги музичките жанрови преку техниката *Грозд*. Може да го прошириш гроздот и со поджанрови доколку имаш информации. На крајот од гроздот напиши по неколку наслови на композиции од соодветниот жанр.

Музички жанрови

3. Пополни ја табелата со твоите омилени композиции од различни жанрови.

| ***наслов*** | ***композитор*** | ***жанр*** | ***карактер*** | ***забелешка*** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

# ТРАЕЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА НОТИТЕ И ПАУЗИТЕ

***Музичка математика***

**1.** Реши ги музичките задачи користејќи ги знаците: **<**, **>** **=**.



2. Реши ги музичките задачи. Решението треба да биде една нота или пауза.



3. Тактирај ги ритмичките вежби.



4. Залепи го листот на картон и изрежи ги квадратчињата. Заврти ги наопаку и играј ја играта „Меморија“, односно соедини ги истите ноти и паузи. Играј во парови или во група. При секое отворање на картичките, изговори за која нота или пауза се работи и колку трае.



# C-дур скала

1. Поврзи го аретинското со абецедното име на тонот, а потоа со соодветното стапало.

фа ла до сол ре си ми

C F D A E G H

IV VII I V II VI III

2. Истражувај и сподели ги добиените информации со останатите ученици. Може да истражувате во групи според поставените прашања.

Од кога потекнуваат имињата на тоновите и кој ги измислил?

Како се запишувала музиката пред да се измислат тоновите кои денес ги користиме?

Дали имињата на тоновите може да се преведат на различни јазици?

3. Напиши ја C-дур скалата со нејзините елементи (стапала, степени, полустепени, тетракорди, аретински и абецедни имиња на тоновите).



4. Отпеј ги мелодиските вежби заедно со другите ученици, во група или индивидуално. Применувај правилен пејачки став. Додади знаци за темпо и динамика и примени ги при пеењето.



# а-мало и h-мало

1. Со помош на наставникот разгледај го тонскиот систем и изброј колку октави има. Заокружи ја октавата во која ги познаваш тоновите. Воочи на кој начин се пишуваат нотите над и под петолинието.



2. Под секој тон впиши го соодветното абецедно име.



3. Разгледај ги мелодиските вежби. Изброј колку пати се појавуваат тоновите а-мало и h-мало. Отпеј ги мелодиските вежби.



# ТЕМПО

1. Пополни ја табелата по насоки на наставникот. Во првата колона напиши што знаеш за поимот темпо. Размисли и во втората колона напиши што сакаш дополнително да научиш за поимот темпо. На крајот од часот пополни ја последната колона со нови информации и знаења.

| ЗНАМ | САКАМ ДА ЗНАМ | УЧАМ |
| --- | --- | --- |
| | | |

2. Поврзи го називот на темпото со соодветната група.

БАВНО    УМЕРЕНО    БРЗО

Moderato    Largo    Presto    Allegro    Adagio    Vivo    Lento    Andante

3. Впиши назив за темпо и примени го при пеење. Може да користиш метроном. Отпеј ја вежбата во неколку различни темпа.



# ДИНАМИКА

1. Преку техниката *Киплинг прашања*, утврди ги твоите досегашни знаења за поимот динамика.

**Што** е динамика?

**Зошто** има динамика во секоја композиција?

**Кои** се основни динамички знаци?

**Каде** се впишуваат динамичките знаци во композицијата?

**Како** ги изведуваме динамичките знаци додека свириме или пееме?

2. Во дадениот пример, воочи ги знаците за темпо и динамика и објасни каде се пишуваат.




3. Со броеви од 1 до 6 означи ја јачината која ја означуваат овие динамички знаци (со 1 најтивко, со 6 најгласно).

___forte ____piano_____fortissimo______mezzo-forte ____pianissimo___mezzo-piano

# В'ЛТАВА – Б. СМЕТАНА

1. По слушањето на композицијата, размисли и изработи ја вежбата *Скелетен приказ* преку која ќе ги искажеш чувствата и естетското доживување.

(реченица) ______________________

(фраза) ______________________

(збор) ____________

(симбол или скица)

(боја) ____________

Композицијата ми се допадна поради...

______________________________

2. Поделете се во групи и изработете цртежи за секоја од темите на композицијата. Потоа изработете стрип кој може да го објавите во училишниот весник. Обработете ги цртежите во дигитална форма со сликање или со скенирање и изработете музички спот со монтирање на цртежите со соодветниот музички дел. Видеоматеријалот може да го објавите на веб-страницата на училиштето.



# ПРИКАЗНА ЗА МУЗИКАТА

1. Слушај ги двете композиции и пополни ја табелата.

| *Наслов и композитор* | *Со кој инструмент се изведува* | *Карактер* | *Темпо* | *Динамика* |
|---|---|---|---|---|
| *Тага за ластовичките* – Тома Прошев | | | | |
| *Гладно врапче* – Благоја Ивановски | | | | |

**2. Проектна активност**

Поделете се во четири групи според тоа каде можете најдобро да дадете придонес во тимската работа. Крајниот продукт презентирајте го пред учениците од другите одделенија. Објавете го видеоматеријалот на веб-страницата на училиштето.







Истражувај за композициите и композиторите. Напиши краток текст со најважните информации.

Напиши поезија или нарација инспирирана од композициите.

Изработи цртеж инспириран од композициите.

Од сите изработки изработи видеоприказна за композициите. Вметни музичка подлога (двете композиции). Текстот за композициите и композиторот и поезијата и нарацијата може да биде во пишана форма или да биде прочитан. Цртежите преработи ги во дигитална форма (фотографирани или скенирани).

Предлог дигитални алатки: https://app.bookcreator.com/ https://www.storyboardthat.com/ https://animoto.com/

# Насоки, упатства и активности за реализација на наставната програма



# a-mol скала

**Содржини и поими**

**Ноти, паузи, скали** (тоновите а-мало и h-мало, траење на нотите и паузите, знаци за продолжување на нотите и паузите, C-dur скала, a-moll скала-природен вид, степен, полустепен, стапало, тетракорд)

**Стандарди за оценување**

Ги запишува скалите C-dur и a-moll – природен вид и нивните елементи; Споредува (визуелно и аудитивно) C-dur скала и a-moll скала – природен вид.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот ги поттикнува учениците за утврдување на знаењата за C-dur скала. Им дава насоки за *Задача 1* во материјалите за учење, односно, преку дискусија се воочува скалата претставена со клавијатура, се воочуваат целите и полустепените и се запишува во петолиние. Откако ќе се изработи задачата, се пее C-dur скала.

**Активност 2**

Наставникот свири позната мелодија (*Happy birthday, Драги бато* или друга мелодија), прво во дурски тоналитет, па во молски. Ги поттикнува учениците да ја воочат и објаснат различната звучност.

***Главен дел***

**Активност 3**

Наставникот им објаснува на учениците дека покрај дурски, постојат и молски скали, односно, дека секоја дурска скала има своја паралелна молска скала. Им го посочува на учениците начинот на добивање на молски скали (шестото стапало од дурската скала станува прво во молската скала). Им дава насоки, заедно да ја добијат паралелната молска скала на C-dur. На претходно изготвен хамер со петолиние (или паметна табла) учениците лепат стикери со тонови (или ја запишуваат C-dur скала на табла) и ги одбележуваат целите и полустепените, аретинските и абецедните имиња на тоновите и стапалата. Потоа, според претходните насоки за добивање на молска скала се зема шестото стапало. Бидејќи тоновите по c2 не им се познати на учениците, наставникот им дава насоки, новата скала да ја запишат од а мало до а1. Учениците ги лепат стикерите или пишуваат на таблата, односно, прават низа од осум тонови. Наставникот им потенцира да обрнат внимание на полустепените.

Заедно ги воочуваат полустепените и го дефинираат нивното место (помеѓу второ - трето и петто - шесто стапало). Ги одбележуваат аретинските и абецедните имиња на тоновите, стапалата и тетракордите. Потоа заедно ја пеат a-moll скала.

**Активност 4**

Наставникот ги насочува учениците со „жива скала" сами да го објаснат добивањето на a-moll скала. Најпрво се подредуваат осум ученици како дурска скала (сами се доближуваат на местото на полустепените). Потоа се јавува ученикот кој го претставува шестото стапало. Застанува прв во следното поредување а до него се поредуваат останатите ученици. Се воочува различниот распоред на целите и полустепените. Наставникот дообјаснува дека заради тоа е и различната звучност на дурска и молска скала. Потоа неколку пати се пее C-dur и a-moll скала или се свири на мелодиски детски инструменти.

**Активност 5**

Наставникот ги насочува учениците кон *Задача 2* во материјалите за учење каде што учениците ќе ја воочат a-moll скалата прикажана на клавијатура а ќе треба да ја запишат во петолиние.

***Завршен дел***

**Активност 6**

Наставникот свири неколку теми со дурска и молска звучност а учениците ја препознаваат. Исто така може да се презентираат фрагменти од аудио примери во дурски и молски тоналитет.

**Активност 7**

Наставникот презентира кратка мелодиска вежба во C-dur скала. Учениците ја воочуваат скалата. Потоа наставникот дава насоки, учениците да ја запишат (транспонираат) истата вежба во a-moll скала. Вежбата се пее во двата тоналитети.

**Рефлексија**

Со која скала се запознавме денес? Како ја добивме? Како звучи a-moll скала? Каква улога имаат полустепените?

**Средства**

Пијано, материјали за учење, стикери, паметна табла, работни листови, уред за слушање музика, проектор.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, писмена повратна информација- наставен лист, чек листа за активно вклучување во планираните активности.

# Мелодиски вежби

**Содржини и поими**
**Пеење (опсег a - d2) и свирење на детски музички инструменти**
(народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, мелодиска вежба, ритмичка вежба, детски музички инструменти)
**Стандарди за оценување**
Пее/свири со примена на нотен запис песни и вежби во опсег a – d2.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***
**Активност 1**
Наставникот ги насочува учениците да размислат за сличностите и разликите помеѓу C-dur и a-moll скала и истите да ги претставаат преку Вен дијаграм (сличности-имаат по осум тона, имињата на тоновите се исти, целите и полустепените се помеѓу исти тонови; разлики-почнуваат и завршуваат со различни тонови, полустепените се помеѓу различни стапала, звучноста е поинаква итн.).
**Активност 2**
Учениците се распејуваат со C-dur и a-moll скала со точно именување на тоновите. Наставникот ги придружува со хармонска придружба.

***Главен дел***
**Активност 3**
Наставникот ги насочува учениците кон обработка на мелодиски вежби (од материјалите за учење). Заеднички се дискутира во која скала се напишани вежбите, тактот и траењето на нотите во секоја вежба поединечно. Вежбите прво се пеат парлато. Потоа се пеат фрагментарно, па целосно. Наставникот обрнува внимание на точна интонација и точно именување на тоновите.свирејќи хармонска придружба како поддршка. Вежбите се пеат групно и поединечно, а учениците се обидуваат да вметнат знаци за темпо и динамика и да ги применуваат при индивидуално пеење.

**Активност 4**
Наставникот им дава насоки на учениците да одберат една вежба и да ја транспонираат (од дур во мол или од мол во дур). Потоа вежбата се пее во дур и во мол а учениците дискутираат во кој тоналитет звучи подобро.

**Активност 5**
Наставникот ги поттикнува учениците мелодиските вежби да ги изведат на мелодиски детски инструменти (ксилофон, металофон или блок флејта).

## Мелодиски вежби

1 

2 

3 



5 

6 

7 

*Завршен дел*

**Активност 6**

Наставникот презентира звучни примери (фрагменти) и ги поттикнува учениците да воочат во кој тонски род се напишани. Се дискутира за карактерот на композициите и како тоа е поврзано со тонскиот род.

***„Свадбен марш"*** *(почеток - дур)* **– *Ф.Менделсон***
https://www.youtube.com/watch?v=0Oo4z37OUEI

***„За Елиза"*** *(почеток - мол)* **– *Л.В.Бетовен***
https://www.youtube.com/watch?v=s71I_EWJk7I

**Рефлексија**

Во какви скали беа мелодиските вежби? Која активност најмногу ви се допадна? Дали вашата омилена песна е во дурски или молски тоналитет?

**Средства**

Работни листови, уред за слушање музика, пијано, детски мелодиски инструменти.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, писмена повратна информација-наставен лист, чек листа за активно вклучување во планираните активности.

# Дводелна форма

**Содржини и поими**

**Музички форми: дводелна и триделна форма**

(мотив, фраза, реченица, период, форма аб, форма аба)

**Стандарди за оценување**

Наведува елементи на дводелна и триделна форма; Разликува аудитивно основни делови на дводелна и триделна форма (мотив, фраза, реченица, период, форма аб, форма аба); Прави шематски приказ на дводелна и триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот пее песна со строфа и рефрен која им е позната на учениците. Ги насочува учениците да ги воочат двата дела. Потоа ги поттикнува да размислат и да дадат примери за песни кои ги знаат и кои имаат два дела.

**Активност 2**

Наставникот презентира видео пример за дводелна форма. Учениците преку слушање и следење на видео примерот ги воочуваат двата дела.Потоа примерот се слуша аудио, а учениците на првиот дел кликаат со прстите во ритам а на вториот дел плескаат со рацете.

***Видео пример за дводелна песна***

https://www.youtube.com/watch?v=6mSA8kckFEw&t=5s

***Главен дел***

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за звучниот пример: Кои основни делови ги воочивте? Дали беа слични или различни (мелодија, ритам и др.)? Како ќе ја наречеме музичката форма од два дела? Дали можете да направите споредба со некој расказ кој го делите на целини (на часовите по мајчин или странски јазик)? Наставникот дообјаснува за дводелната форма и нејзините елементи (период, музичка реченица, фраза, мотив).

**Активност 4**

Наставникот презентира звучен пример и ги насочува учениците да ги воочат основните делови на композицијата. По завршувањето, учениците дискутираат за дводелната форма а наставникот ги поттикнува со дополнителни прашања за музичкиот материјал и елементите на дводелна форма. Во материјалите за учење се разгледува нотниот текст на композицијата и се воочуваат изучените елементи на музичка писменост.

Песната се пее со ноти, со помош на наставникот (фрагментарно, па целосно). Учениците ги воочуваат и ги впишуваат во нотниот текст основните делови на дводелна форма. Композицијата се слуша уште еднаш за да се воочат елементите на дводелна форма (мотив, фраза, музичка реченица, период), а учениците го следат нотниот текст.

***„Приспивна песна" – Ј. Брамс***
https://www.youtube.com/watch?v=ga0mBWIF6Jw

По второто слушање, наставникот ги поттикнува учениците преку говорна вежба да ја опишат композицијата (карактерот на композицијата, кој ја изведува, на кој јазик се пее, дводелната форма и др.).

**Активност 5**

Учениците ја претставуваат дводелната форма со нејзините елементи преку *Грозд* техника.

***Завршен дел***

**Активност 6**

Наставникот презентира звучни примери и ги поттикнува учениците да ја воочат дводелната форма и нејзините елементи.

***Д. Бужаровски: „Се скарале, се степале"***, Свадбени, Хор „Пиколо", Весна Димчевска – диригент (тема)
https://www.youtube.com/watch?v=WjQhkdeo1Pg

***Славеј*** (тема) - ***М. Глинка***
https://www.youtube.com/watch?v=746S8DZvFeM

-***Автограм - С. Димитров***, МРТ (насловна мелодија)
https://play.mrt.com.mk/play/2459

**Рефлексија**

Што учевме денес? Кои се елементите на дводелната форма? Кој дел од часот ви беше најинтересен?

**Средства**

Уред за слушање музика, пијано, работни листови.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, писмена повратна информација- наставен лист, чек листа за активно вклучување во планираните активности.

# Триделна форма

**Содржини и поими**
**Музички форми: дводелна и триделна форма**
(мотив, фраза, реченица, период, форма аб, форма аба)
**Стандарди за оценување**
Наведува елементи на дводелна и триделна форма; Разликува аудитивно основни делови на дводелна и триделна форма (мотив, фраза, реченица, период, форма аб, форма аба); Прави шематски приказ на дводелна и триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***
**Активност 1**
Наставникот ги насочува учениците да ги воочат основните делови напознатата мелодија, која ја изведува на пијано или ја пее по ноти. Учениците ги воочуваат деловите а потоа следи дискусија преку прашања од видот: Колку делови слушнавте? Дали сите се различни или некој дел се повторува?



***Главен дел***
**Активност 2**
Учениците ја пеат песната со ноти и ги воочуваат трите дела. Надоврзувајќи се на дводелната форма од претходниот час, ја дефинираат триделната форма со А дел, Б дел и повторување на А дел. Наставникот ги поттикнува учениците на креативен начин да ја прикажат триделната форма (со геометриски фигури, со цветови, сендвич и сл. ), со тоа што ќе го прикажат повторувањето на А делот и различниот Б дел.

**Активност 3**
Наставникот презентира повеќе примери со триделна форма со кои учениците преку активно слушање музика ќе ги утврдат основните делови. Можат да се повторат и примерите за слушање за дводелна форма а учениците да направат разлика и аудитивно да ги препознаваат двете изучени форми. Активноста може да биде и во форма на квиз за слушање музика.

***„Веселиот селанец“ – Р. Шуман:*** аба (изведба по избор на наставникот)

***„Менует во G - dur“ оп.10 бр.2: аба (da Capo) – Л. В. Бетовен***
(изведба по избор на наставникот)

***„All That Dance“ - Д. Бужаровски***
(прва суита – Ренесанса: Павана и гаљарда)
https://www.youtube.com/watch?v=Tejr83uwZDo&t=25s

***„Кажи зошто ме остави“ - Н. Автовски***
(до 1:19, виолина со инструментален состав)
https://play.mrt.com.mk/play/1638

***- „Наполитанска песна“ – „Детски албум“, П. И. Чајковски***
хорска изведба (цела, шема абц - информативно)
https://www.youtube.com/watch?v=m63U7tY1fNY

***Завршен дел***

**Активност 4**

Наставникот им дава насоки на учениците да ја претставаат триделнатаформа со дигитални алатки (изработка на видео). Како музичка подлога учениците да одберат една композиција и потоа со фотографии или симболи, визуелно да ги означат основните делови. Сето тоа треба да биде синхронизирано со јасно прикажување на триделната форма преку симболи. Може да се користи иста музичка подлога (триделна форма) за да сесе одбере најкреативно видео.

***Предлог музичка подлога*** *(пример за едноставно видео)*
https://www.youtube.com/watch?app=desktop&v=VHejle8Zwy0

**Рефлексија**

Што учевме денес? Кои се елементите на триделната форма? Што е разликата помеѓу дводелна и триделна форма?

**Средства**

Уред за слушање музика, пијано, работни листови, дигитални уреди.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, писмена повратна информација- наставен лист, чек листа за активно вклучување во планираните активности.

# Обработка на песна по слух

**Содржини и поими**

**Пеење (опсег a – d2) и свирење на детски музички инструменти**

(народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, мелодиска вежба, ритмичка вежба, детски музички инструменти)

**Стандарди за оценување**

Учествува во заедничка изведба по слух; Изведува по слух песни, вежби и едноставни двогласни канони самостојно/ во група; Пее/свири по слух песни, вежби и едноставни двогласни канони со правилен пејачки став/ правилен начин на свирење и примена на музички изразни средства.

*Забелешка: Во материјалот за прво полугодие, планирани се активности за обработка на песна по слух, предложени во Наставната програма. Пеењето по ноти е преку мелодиски вежби, за постапно утврдување на музичката писменост преку изведбени активности (заради различни предзнаења на учениците). Според можностите и способностите на учениците, наставникот може да прилагоди и активности за пеење на песна по ноти.*

*Обработка на песна по слух се одвива по утврдена методска постапка која опфаќа неколку битни чекори во главниот дел на часот. Придружните активности се според содржината на песната, можностите и способностите на учениците во паралелката, условите за работа во училницата и др. Така, овој пример за сценарио ќе може да се прилагоди за сите часови на кои ќе се обработува песна по слух. Наставникот треба да предвиди во Планирањето на реализацијата на наставната програма колку песни ќе се обработат во текот на учебната година, одбира песни кои се предложени во Програмата или песни по свој избор и го прилагодува даденото сценарио за час.*

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот преку дискусија ги воведува учениците за темата на песната која ќе се обработува. Поставува прашања, презентира илустрација или фотографија и ги поттикнува учениците преку говорна вежба да искажат свое мислење или став. Се прави меѓупредметна интеграција според содржината на песната.

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ги распејува учениците со основната скала и кратки вежби за распејување. Ги насочува учениците кон обработка на песна по слух. Се запишува насловот на табла и се чита текстот. Се дискутира во врска со текстот. Потоа се обработува песната дел по дел. Наставникот придружува со инструмент, со хармонска придружба.

Доколку песната се слуша како звучен пример, наставникот треба да ги насочи учениците прво да ја слушнат песната, па да ја интерпретираат. Но, потребно е да ја пеат и без аудио придружба. Само така ќе можат да вметнат сопствена интерпретација, темпо и динамика.
Наставникот ги потсетува учениците на правилен пејачки став и вокална техника. Им дава инструкции на учениците за правилно дишење и за правилно изговарање на зборовите, посебно на самогласките.
Наставникот ги насочува учениците на точна интонација. На овој сегмент треба да се обрне посебно внимание, со повеќекратно повторување, со покажување со раката од страна на наставникот за движењето на мелодиската линија.
Наставникот ги поттикнува учениците преку пеење да го доловат карактерот на песната, притоа употребувајќи изразни средства (темпо, динамика, агогика). Песната се пее неколку пати. Може да ја пеат сите ученици, во групи (строфа-една група, рефрен- друга група), солист и група, индивидуално. Учениците можат да се придружуваат со ритмички детски инструменти.

***Завршен дел***
**Активност 3**
Наставникот ги насочува учениците креативно да ги искажат чувствата од обработената песна преку цртеж, говорна вежба или прекудвижења во кореографија. Кореографијата ја осмислуваат учениците. Може да биде со усогласени движења или слободно танцување.

*Забелешка: Потребно е обработените песни да се повторуваат во текот на целата учебна година. Исто така може да се подготви приредба со сите обработени песни.*

**Рефлексиѣа**
Што учевме денес? За што се зборува во песната? Со каков карактер е песната? Дали ја научивте сите?
**Средства**
Инструмент, уред за слушање музика, прибор за цртање.
**Следење на напредокот**
Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

***Препорачани детски песни за обработка на песна по слух (од Листата за VI одд.)***

***„Бушава азбука“ -Леб и сол,*** *МРТ (насловна мелодија)*
*https://youtu.be/dZBEixVK4bg*
***„Ајде да се дружиме“- К.Костов****, МРТ (насловна мелодија)*
*https://play.mrt.com.mk/play/2359*
***„Шарам барам“****, МРТ (насловна мелодија)*
*https://play.mrt.com.mk/play/2149*
***„Црвено, жолто, зелено“,*** *МРТ (насловна мелодија)*
*https://play.mrt.com.mk/play/2255*
***„Песна за Скопје“*** *(„Градот убав“) - А. Џамбазов/Б. Смаќоски*
***„Еј гулаби бели“*** *- А. Џамбазов/Г. Поповски*
***„Мувичка“***
*https://www.youtube.com/watch?v=gFzO9rMJdPM&t=2801s*
***„Во светот на возрасните“***
*https://www.youtube.com/watch?v=gFzO9rMJdPM&t=1901s*
***„Си бил еден крал“-*** *М. Божиновски/В. Пуцовски:*
*https://www.youtube.com/watch?v=4PQqdnl-xDc*
***„Shkupi im“/„Моето Скопје“***
*https://www.youtube.com/watch?v=sbs3c9k6P9g*
***„Eja me tиа!“/„Дојди со мене!“***
*https://www.youtube.com/watch?v=VM64JpNhoPE*
***Од фестивалот „Ylberi“/„Илбери“ –*** *официјален канал*
*https://www.youtube.com/watch?v=y-PQat9XqQM*
***„Dünyayı Birlikte Kuralım“/„Заедно да го изградиме светот“-*** *Ali Gürsan Saraç/Али Гурсан Сарач, исполнува TRT Çocuk Korosu/ТРТ Детски хор (детски хор)*
*https://www.youtube.com/watch?v=mnZwDU4XQ-4*
***„Čhavorenge“/„За децата“****, - Ida Kelarova, исполнува Чешки детски хор*
*https://www.youtube.com/watch?v=yRU_KRIiqcw*

# МУЗИЧКИ НОВИНАРИ

**Содржини и поими**

**Насочено слушање музички дела**

(темпо, динамика, карактер на музиката, наслов на делото, композитор, жанр, елементи на музичка форма, изведувачки состав; свечена песна- химна, соло песна)

**Стандарди за оценување**

Препознава музички изразни средства во слушаната композиција/свечена песна-химна/соло песна и ги именува со стручни изрази; Наведува наслов и композитор на познато музичко дело што го слуша; Препознава изведувачки состав и елементи на музичката форма во музичко дело што го слуша.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот претходно изготвува квиз во дигитална форма (wordwall.net, mentimeter.com, kahoot.com и сл.) со кој ќе се утврдат претходните содржини (скали, дводелна и триделна форма, темпо динамика и др.). Доколку нема услови за реализација на активности со дигитални содржини, може да се подготви краток тест. Учениците одговараат а наставникот дава писмена или усна повратна информација.

*Забелешка: Наредните активности од содржината Насочено слушање музика се однесуваат на воочување и утврдување на изучените содржини (музички форми,скали, темпо,динамика,карактер на композицијата,жанр и сл.).*

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот презентира звучен пример и објаснува за програмскиот карактер на композицијата и за композиторот. Ги насочува учениците да воочат карактер, музичка форма, темпо, динамика и изведувачи преку повеќекратно слушање. Учениците запишуваат забелешки (материјали за учење). Наставникот презентира различни изведби на композицијата а учениците дискутираат која изведба им се допаднала повеќе и зошто.

***„Марш на гномите" - Е. Григ*** (пијано)
https://www.youtube.com/watch?v=-3J9Ur0O9vs

(пијано со ноти)
https://www.youtube.com/watch?v=ALCpt_ScLl0

(оркестар)
https://www.youtube.com/watch?v=NWC4EJVCfSU

*Забелешка: Според предложените композиции во Листата, наставникот може по свој избор да ја обработи следната композиција со иста цел;утврдување на содржините преку слушање и разбирање на музиката.*

***„Ноември – Тројка" од „Годишни времиња" - П. Чајковски*** (пијано)
https://www.youtube.com/watch?v=Ch-ASiCxe4E

(гудачки оркестар)
https://www.youtube.com/watch?v=JQO1aLDq3Tw

(симфониски оркестар)
https://www.youtube.com/watch?v=ywKgcT3rW6Q

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците, според одговорите на прашањата во материјалите за учење и личното естетско доживување на композицијата, да напишат текст во улога на музички новинари *(медиумска писменост).* Во воведниот дел да го опишат карактерот на композицијата и општи податоци за композиторот, во средниот дел да ги објаснат музичките изразни средства, музичката формата (контрасти постигнати со музички изразни средства) и нивната поврзаност со карактерот на композицијата. Во завршниот дел, личен став за изведбите.

***Завршен дел***

***Активност 4***

Учениците пишуваат а наставникот им помага, им дава дополнителни информации. На крајот се читаат текстовите, учениците си даваат меѓусебна усна повратна информација а наставникот ги дополнува. Текстовите можат да се објават во училишен весник или на веб станата на училиштето со линк од композицијата *(проектна активност)*.

**Рефлексија**

Која композиција ја слушавме денес? Која активност ви беше најинтересна? Дали ви се допадна улогата на музички новинари?

**Средства**

Уред за слушањемузика, работни листови, дигитални содржини за утврдување, интернет.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација од наставникот и учениците, чек листа на наставникот за вклученост на учениците во активностите.

# КАНОНИ

**Содржини и поими**

**Пеење (опсег a - d2) и свирење на детски музички инструменти**

(народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, мелодиска вежба, ритмичка вежба, детски музички инструменти)

**Стандарди за оценување**

Пее/свири по слух песни, вежби и едноставни двогласни канони со правилен пејачки став/правилен начин на свирење и примена на музички изразни средства; Пее/свири со примена на нотен запис песни и вежби во опсег a – d2.

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Учениците се распејуваат со C-dur скала а наставникот ги придружува на пијано со хармонска придружба. Наставникот им дава насоки на учениците да се поделат во две групи. Првата група почнува со пеење на скалата и кога ќе го пее тонот ми, втората група почнува да ја пее скалата од тонот до (пеење на скалата како канон). Потоа наставникот презентира звучен пример од канон (Twinkle, twinkle little star, Viva la musica и сл.). Учениците воочуваат на кој начин се изведува канон и објаснуваат.

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ги презентира мелодиските вежби во форма на канон. Се дискутира за скалата во која се напишани, тактот, опсегот на тонови и др. Најпрво се пее парлато, потоа мелодиски. Откако ќе ги навежбаат едногласно, наставникот ги дели учениците во две групи и мелодиските вежби се пеат како канон (за почеток, учениците може да го пеат првиот глас а наставникот вториот глас). Наставникот им помага на учениците со поддршка со инструмент, со знаци за почеток на секоја група.

Канонот може да се изведува и со детски мелодиски инструменти или комбинирано, пеење и свирење. Доколку има услови, еден канон да се изведе трогласно (прв глас со пеење, втора глас со свирење, трет глас наставникот на пијано или други можни комбинации). Наставникот треба да инсистира на точна интонација на учениците за да се почуствува двогласното/трогласното пеење. Каноните може да се изведуваат и во помали групи или индивидуално (два или три гласа, според можностите на учениците). Наставникот може да ги претстави каноните во програма за пишување ноти, да им го презентира примерот на учениците со ноти и аудио а со тоа да ги поттикне да користат слични дигитални алатки.



**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците да создадат свој текст на мелодијата на каноните со новогодишна тематика Им дава насоки на кој начин да го запишат текстот под нотите, за поделбата на слогови на зборовите која треба да е иста како и нотите (еден слог на една нота) и акцентирањето на зборовите да се вклопи со јако и слабо тактово време.

***Завршен дел***

**Активност 4**

Учениците ги изведуваат каноните со текст со помош на наставникот. Се даваат насоки за наредниот час, кој е пред новогодишните празници, изведбите да се навежбаат и да се изведат на часот или на училишна приредба. Учениците планираат за начинот на изведба (вокално, инструментално или вокално-инструментално) и ги доработуваат каноните (темпо, динамика, двоглас и др.).

**Рефлексија**

Што учевме денес? На кој начин се изведува канон? Дали ви беше полесно да го пеете или да го свирите канонот?

**Средства**

Пијано, детски мелодиски инструменти, работни листови, уред за слушање музика.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, чек листа на наставникот за вклученост на учениците во активностите.

# НОВОГОДИШНО ПРАЗНУВАЊЕ НА ЧАС

**Содржини и поими**

**Креативно музичко изразување**

(создавање, танцување, приказни за музиката, музички игри, драматизација)

**Стандарди за оценување**

Учествува во заеднички креативни музички активности; Го применува стекнатото знаење во сопствено креативно музичко изразување.

*Забелешка: Според календарот за учебната година, ова сценарио за час е за последниот час од прво полугодие. Предложените активности се за креативно и музичко изразување и творење, преку кое ќе се примени стекнатото знаење. Предложени се повеќе активности а наставникот избира и ги прилагодува според можностите на учениците и условите за работа. Исто така предолжените активности можат да се заменат со содржината Свирење на детски музички инструменти.*

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

Наставникот ги дели учениците во три групи и им дава насоки да состават листа од композиции кои ги асоцираат на новогодишните празници. Секоја листа треба да содржи по една композиција од секој жанр (класична, народна, популарна и детска песна). Учениците ги запишуваат композициите и даваат објаснување зошто композицијата ги потсетува на Нова година.

***Главен дел***

**Активност 2**

Наставникот ја подготвува листата од предложени композиции од трите групи. Дава насоки на учениците за активноста *Музика стоп.* Учениците треба да танцуваат на соодветен начин според жанрот, а кога музиката ќе прекине и тие треба да застанат во затекнатата положба. Потоа музиката продолжува и учениците продолжуваат со танцување. Играта може да има натпреварувачки карактер, при запирањето на музиката учениците не смеат да се движат, кој се движи излегува од играта.

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците да ги изведат каноните од претходниот час, со пеење и свирење на детски музички инструменти. Ги поттикнува учениците кои создале текст (на тема Нова година) да го изведат а останатите ученици да ги придружуваат со детски музички инструменти.

**Активност 4**

Наставникот дава насоки за активноста *Следи го мојот ритам.* Еден ученик импровизира ритмички фрази со детски ритмички инструменти или сопомош на различни движења на телото (тропкање со нозете, кликање со прстите, плескање со рацете и сл,) а останатите ученици повторуваат. Потоа на ист начин оваа активност се изведува со звучен пример (во ритам, според карактерот на композицијата). Истата активност може да се изведуваи во движење во ритам со подредување на учениците во колона. Какви ритмички движења прави првиот во колоната, другите повторуваат и го следат во движењето.

**Активност 5**

Наставникот презентира еден ритмички модел кој константно се повторува (пр.кликање со прстите со две осмини ноти и плескање со рацете со една четвртина нота). Учениците го повторуваат ритамот. Наставникот ги насочува учениците преку рапување на тој ритам да ги искажат своите новогодишни желби.

**Активност 6**

Учениците се делат во три групи. Учениците избираат позната новогодишна песна. Првата група пеат, втората група придружуваат со ритмички инструменти а третата група танцуваат. На секоја строфа, секоја група ротира па така учениците на една строфа пеат, на друга танцуваат на трета свират на детски ритмички инструменти.

***Завршен дел***

**Активност 7**

Наставникот дава насоки за изработка на е-новогодишна музичка честитка (честитка во дигитална форма). Ги насочува учениците да креираат честитка во било кој формат, да напишат убава порака, да ја украсат со новогодишни симболи и да вметна линк (или хиперлинк) од композиција која е пригодна за новогодишните празници. Доколку нема услови, ја изработуваат заедно со наставникот на еден дигитален уред, а наставникот ги поттикнува да изработат самостојно и да ја проследат до своите најблиски.

**Рефлексија**

Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?

**Средства**

Пијано, детски музички инструменти, дигитални уреди, уред за слушање музика.

**Следење на напредокот**

Усна повратна информација, чек листа на наставникот за вклученост на учениците во активностите.

# СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

Во Програмата по Музичко образование за шесто одделение, во темата *Музичка писменост и изведбени активности,* застапена е содржината Свирење на детски музички инструменти. Наставникот во Годишното планирање одредува со колку часови ќе ја застапи содржината според условите за реализација на наставата. Оваа содржина може да се интегрира и како дел од часот или да се замени со постоечките сценарија за час, според планирањата на наставникот.

1



2



3



4



5



6



7



# МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

Мелодиските вежби се дополнување на активностите од темата **Музичка писменост и изведбени активности**.

1


2


3


4


5


6


7


# Материјали за учење за учениците



# a-moll скала

1. Запиши ги на клавијатурата абецедните имиња на тоновите на C-dur скала. Притоа, воочи ги целите и полустепените. Потоа запиши ја во петолинието C-dur скала со ноти, одбележи ги целите и полустепените, аретинските и абецедните имиња на тоновите, стапалата и тетракордите.






2. Воочи го тонот а-мало на клавијатурата и обележи ги абецедните имиња на тоновите на а-мол скала. Потоа напиши ја во петолинието а-мол скала со ноти и со нејзините елементи.






# МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

1. Со Вен дијаграм претстави ги сличностите и разликите помеѓу C-dur и a-moll скала.




2. Отпеј ги мелодиските вежби. Воочи во која скала е напишана секоја вежба. Отсвири ги на детски мелодиски инструменти. Вметни знаци за темпо и динамика и примени ги при пеењето/свирењето. Одбери една вежба, напиши ја (транспонирај ја) во паралелната скала а потоа отпеј ја. Во која скала, според тебе, подобро звучи вежбата? Зошто?

1


2


3




5


6


7


# ДВОДЕЛНА ФОРМА

1. Воочи ја формата на композицијата и напиши ги нејзините елементи



Кои елементи на дводелна форма се обележани со  овие бои?

2. Преку *Грозд техника*, претстави ги елементите на дводелна форма.



# ТРИДЕЛНА ФОРМА

1. Отпеј ја песната со ноти и воочи ја музичката форма. Обележи ги основните делови. Објасни за која музичка форма станува збор.



2. На креативен начин со цртеж или симболи, претстави ја триделната форма.

Триделната форма можеш да ја претставиш и со дигитални алатки за креирање на видео. Како музичка подлога користи триделна форма. На соодветните делови, прикачи слика од симболи со кои ќе ја прокажеш формата. Потоа презентирај ја изработката. Можеш да ја поставиш на интернет за да служи како образовен ресурс за триделна форма.



# МУЗИЧКИ НОВИНАРИ

1. Слушај ја композицијата внимателно и запиши забелешки. Обрни внимание на карактерот на композицијата и поврзаноста со музичките изразни средства (и нивната промена во текот на композицијата).

(наслов на композицијата и композитор)

| темпо | динамика | дур-мол | изведувачи | музичка форма |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

2. Според забелешките и впечатоците од композицијата, напиши новинарска статија. Најпрво, со помош на наставникот и преку истражување, напиши општи информации за композицијата, композиторот и карактерот на делото. Потоа напиши информации за музичките изразни средства, нивна поврзаност со карактерот на композицијата. На крајот напиши твој личен став за различните изведби.

# КАНОНИ

1. Отпеј ги или отсвири ги канонитe заедно со другите ученици според насоки на наставникот.







2. Препиши еден канон и вметни сопствен текст (*на тема Нова година*) според насоки на наставникот.



# НОВОГОДИШНО ПРАЗНУВАЊЕ НА ЧАС

*Пеј*

*Свири*

*Танцувај*

Состави листа од композиции од различни жанри кои те асоцираат на Нова година.

Искажи ги твоите новогодишни желби преку рапување. Твоите другарчиња нека бидат задолжени за ритамот.

Отпеј ги твоите омилени новогодишни песни!

Изработи е-новогодишна музичка честитка. Напиши најубави желби и вметни линк од омилената композиција. Проследи ја честитката до најблиските.

# СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1



2



3



4



5



6



7



# МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

1


2


3


4


5


6


7


# Насоки, упатства и активности за реализација на Наставната програма

*(второ полугодие)*



# ВОКАЛНА МУЗИКА

**Содржини и поими**

**Вокална музика** (интерпретатор, женски гласови: сопран, мецосопран и алт; машки гласови: тенор, баритон и бас; детски гласови; женски хор, хор, машки хор, мешан хор, детски хор, вокални камерни состави)

**Стандарди за оценување**

Разликува ниски, средни и високи машки и женски гласови во соло изведба, помали состави и хорови и ги наведува нивните називи.

Препознава видови гласови од слушната музика на познати интерпретатори.

## *Сценарио за часот*



***Воведен дел***

**Активност 1**

Преку *Бура на идеи*, поттикната од наставникот, учениците ги наведуваат своите омилени пејачи и групи. Се води дискусија за жанрот кој го изведуваат, бојата на гласот, начинот на пеење и др.

**Активност 2**

Наставникот презентира фрагменти од вокална музика од различни жанрови. Учениците дискутираат за начинот на изведба, го препознаваат жанрот и ги категоризираат гласовите (машки, женски, детски).

***Главен дел***

**Активност 3**

Со помош на наставникот, учениците го дефинираат поимот вокална музика (музика што се изведува со човечки гласови, музика што се пее и сл.). За подобро усвојување на поимот, наставникот го наведува зборот *глас на други јазици (vox – латински, voice – англиски, voce – италијански, voix – француски).*

**Активност 4**

Наставникот презентира звучни примери и ги насочува учениците да ги воочат изведувачите и начинот на изведба.

***Аве Марија*** – **Ф. Шуберт, Марија Калас**
https://www.youtube.com/watch?v=j8KL63r9Zcw

***Рум, дум, дум*** **– Д. Шуплевски**
https://www.youtube.com/watch?v=mob1fV2tLYQ

***Greensleeves***,
**вокален состав** *The King's Singers*
https://www.youtube.com/watch?v=twix9KfES9Y

***Мачки и значки*** **– З. Запров,**
**детски хор *Бодра песен***
https://www.youtube.com/watch?v=R5rXhJeenlk

По завршувањето, се поведува дискусија за звучните примери: Каков глас ја изведува првата композиција? Дали има придружба? Наставникот дообјаснува дека вокалната музика може да има инструментална придружба (*вокално-инструментална музика*) или да биде изведена само од човечки гласови (а капела/*a capella*), како во вториот и третиот пример.

Потоа се дискутираат и останатите примери. Учениците ги класифицираат видовите гласови преку примерите: *женски, машки и детски.*

Наставникот ги поттикнува учениците да обрнат внимание на бројот на изведувачи и заедно се дефинираат поимите *соло изведба, вокален камерен состав и хор,* а наставникот дообјаснува.

**Активност 5**

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за сличностите и разликите помеѓу вокална и инструментална музика (од претходните содржини), со акцент на поврзаноста на текстот со музиката во вокалната музика и воопшто со карактерот на композициите.

*Забелешка: Наставникот може да избере и други композиции предложени во Листата за слушање музика – прилог кон Програмата.*



***Завршен дел***

**Активност 6**

Учениците ги пополнуваат материјалите за учење за утврдување на изучените поими.

**Активност 7**

Наставникот ги насочува учениците да истражуваат за најпознатите вокални интерпретатори низ историјата и денес. Истражувањето може да биде во групи, поделени според жанрови. Активностите може да се реализираат во делот на слободните ученички активности. По истражувањето, може да се изработи постер или презентација (продукт) и да се презентира пред останатите ученици (проектна активност).

**Рефлексија**

Што учеме денес? Која музика ја нарекуваме вокална? Што е а капела/a capella? Кои композиции ги слушнавме денес? Какви состави ги изведуваат презентираните композиции?

**Средства**

Уред за слушање музика, проектор, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето.

# ЖЕНСКИ ГЛАСОВИ

**Содржини и поими**

**Вокална музика** (интерпретатор, женски гласови: сопран, мецосопран и алт; машки гласови: тенор, баритон и бас; детски гласови; женски хор, хор, машки хор, мешан хор, детски хор, вокални камерни состави)

**Стандарди за оценување**

**Разликува ниски, средни и високи машки и женски гласови во соло изведба, помали состави и хорови и ги наведува нивните називи.**

**Препознава видови гласови од слушната музика на познати интерпретатори.**

## *Сценарио за часот*



***Воведен дел***

**Активност 1**

**Наставникот ги насочува учениците, преку *Бура на идеи*, да набројат имиња на омилени интерпретаторки од различни жанрови. Се презентираат кратки аудиопримери од наведените интерпретаторки. Учениците го опишуваат начинот на пеење и жанрот којшто го изведуваат.**

**Активност 2**

**Наставникот го објаснува поимот** *боја на гласот*. **Еден ученик е свртен кон ѕидот. Учениците пеат кратка мелодија, еден по еден, а ученикот, според бојата на гласот, погодува кој пее. Потоа се објаснува поимот** *опсег на гласот*. **Учениците пеат низа од тонови на неутрален слог, од најниски до највисоки и го определуваат својот опсег на гласот.**



***Главен дел***

**Активност 3**

**Наставникот презентира звучни примери со женски гласови (сопран, мецосопран и алт) и ги насочува учениците да ги воочат бојата и опсегот на гласот.**

***Casta Diva* од операта Норма – В. Белини,**
**исполнува** Leyla Gencer/**Лејла Генџер (сопран)**
https://www.youtube.com/watch?v=CehPrNuwmUA

***Не искушай меня без нужды* – М. Глинка,**
**исполнува Мариана Бошковска – мецосопран**
https://www.youtube.com/watch?v=m_vkeTIlyH4

**Арија од операта *Ќерката на полкот* – Г. Доницети,**
**исполнува Ева Подлешч (алт)**
https://www.youtube.com/watch?v=8f_NJSdM05Q

**Учениците внимателно ги слушаат композициите и дискутираат за бојата и опсегот на гласот. Заедно со наставникот ги дефинираат поимите за висок женски глас – сопран, среден женски глас – мецосопран и низок женски глас – алт.**

**Активност 4**

**Наставникот презентира аудиопримери од Листата за слушање музика** *(прилог кон Програмата)* **или по свој избор за сопран, мецосопран и алт, а учениците ги препознаваат гласовите и дискутираат за начинот на изведба, бојата, опсегот и ги именуваат гласовите со стручни називи. Наставникот наведува најпознати интерпретаторки во областа на класичната музика, се проследуваат аудио- и видеопримери.**



***Завршен дел***

**Активност 5**

**Наставникот ги насочува учениците да истражуваат за животот и делото на најпознатите женски гласови во областа на класичната музика на светската и на домашната сцена. Ги дели учениците во неколку групи и им посочува ресурси за истражување. Учениците истражуваат, ги селектираат** најважните информации (во кој период живее/-ла интерпретаторката, каде настапува/-ла и сл.), прават кратки забелешки и презентираат усно. Активноста може да продолжи на слободните ученички активности, а учениците може да истражуваат дополнителни информации, да изготват постер или презентација.

**Активност 6**

**Наставникот ги поттикнува учениците да посочат примери за различни видови гласови на интерпретаторки од македонската популарна и народна музика и да ги категоризираат според бојата и опсегот на гласот (сопран, мецосопран и алт). Се дискутира за начинот на изведба и за бојата на гласот.**

**Рефлексија**

**Што учевме денес? Кои се женски гласови? Која композиција ви се допадна најмногу?**

**Средства**

**Уред за слушање музика, проектор, таблет, компјутер.**

**Следење на напредокот**

**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето.**

# МАШКИ ГЛАСОВИ

**Содржини и поими**

**Вокална музика (интерпретатор, женски гласови: сопран, мецосопран и алт; машки гласови: тенор, баритон и бас; детски гласови; женски хор, хор, машки хор, мешан хор, детски хор, вокални камерни состави)**

**Стандарди за оценување**

**Разликува ниски, средни и високи машки и женски гласови во соло изведба, помали состави и хорови и ги наведува нивните називи.**

**Препознава видови гласови од слушната музика на познати интерпретатори.**

## *Сценарио за часот*



*Воведен дел*

**Активност 1**

**Наставникот презентира аудиопримери (фрагменти) од машки и женски гласови и ги насочува учениците да ги препознаат гласовите. Учениците дискутираат за разликата помеѓу машките и женските гласови.**

**Активност 2**

**Наставникот ги поттикнува учениците да набројат машки интерпретатори од различни жанрови на музика. Се дискутира за начинот на изведба на народната, популарната и класичната музика.**



*Главен дел*

**Активност 3**

**Наставникот презентира звучни примери и накратко раскажува за композициите и изведувачите. Ги насочува учениците да ги воочат бојата и опсегот на гласот.**

***Caro mio ben* – Џ. Џордани,**
**Лучијано Павароти (тенор)**
https://www.youtube.com/watch?v=iQ_xRL3uxTA

***Тореадор* од операта *Кармен* – Ж. Бизе,**
**Дмитриј Хворостовски (баритон)**
https://www.youtube.com/watch?v=-snRz5L3Ups

***Ла калуниа* од операта *Севилскиот берберин* – Џ. Росини, Џон Релиа (бас)** https://www.youtube.com/watch?v=9N5woKleJco

По завршувањето на секоја композиција се дискутира за особеностите и за бојата на гласовите на изведувачите и се класифицираат машките гласови: тенор, баритон и бас.

**Активност 4**

Наставникот презентира повеќе аудиопримери (фрагменти) со гласовите тенор, баритон и бас, а учениците ги препознаваат и дискутираат за бојата и опсегот на гласот.

**Активност 5**

Наставникот презентира видеопримери со познати интерпретатори од земјата и од странство, раскажува накратко за нивната уметничка кариера, а учениците дискутираат за изведбата. Наставникот ги поттикнува учениците да истражуваат за познати интерпретатори (слободни ученички активности) и да составаат заедничка листа на композиции од омилените композиции и изведби.

*Завршен дел*

**Активност 6**

Наставникот ги поттикнува учениците да ги набројат своите омилени интерпретатори од различни жанрови и да ги категоризираат (тенор, баритон и бас) според бојата и според опсегот на гласот. Потоа се слушаат звучни примери од интерпретатори од различни жанрови.

*Забелешка: Покрај посочените примери, наставникот може да презентира и други примери предложени во Листата за слушање музика (во прилог на Програмата) или композиции по свој избор.*

**Рефлексија**

Што учевме денес? Кои се машки гласови? Која композиција ти остави најголем впечаток? Зошто?

**Средства**

Уред за слушање музика, проектор, компјутер.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се

# ДЕТСКИ ГЛАСОВИ

**Содржини и поими**

**Вокална музика (интерпретатор, женски гласови: сопран, мецосопран и алт; машки гласови: тенор, баритон и бас; детски гласови; женски хор, хор, машки хор, мешан хор, детски хор, вокални камерни состави)**

**Стандарди за оценување**

**Препознава детски, машки и женски гласови во соло изведба, помали состави и хорови.**

## *Сценарио за часот*



***Воведен дел***

**Активност 1**

**Часот започнува со пеење на претходно изучена песна. По завршувањето, наставникот ги поттикнува учениците секој да го опише гласот на своето другарче. Следува дискусија за тоа како звучат детските гласови и дали се разликуваат од гласовите на возрасните.**

***Главен дел***

**Активност 2**

**Наставникот презентира звучни примери за детски гласови.**

***Wohin/Каде* – Ф. Шуберт/Д. Бужаровски (аранжман), хор *Пиколо*, Весна Димчевска – диригент**
https://youtu.be/aTOo5Ly8NNI?si=PvyZnnYOrUiMj51Z

***Милион соништа* – Б. Пасек,**
*One Voice* Children's Choir/**детски хор** *One Voice*
https://www.youtube.com/watch?v=sr9QjaB83YA

***Азбука* – В. А. Моцарт,**
**хорот** *Les Petits Ecoliers Chantants de Bondy/*
***Малите ученици пејачи од Бонди***
https://www.youtube.com/watch?v=DUyIKyAfYKk

**Учениците дискутираат за карактерот на композициите, начинот на изведба, едногласното и повеќегласното пеење,** за **солистите и др. Се опишуваат бојата, опсегот, јачината и можностите на детските гласови и се споредуваат со гласовите на возрасните.**

**Активност 3**

**Композицијата „Азбука“** од **В. А. Моцарт, се обработува по ноти.**
**(Текстот е спелување на француската азбука на француски јазик.)**

## АЗБУКА

**В. А. Моцарт**




*Забелешка: Композицијата може да се обработи на посебен час.*

***Завршен дел***

**Активност 4**

**Наставникот ги насочува учениците да набројат фестивали на детски песни во нашата држава и во странство. Се дискутира за карактерот и за содржината на детските песни. Се дискутира и за Детската евровизија каде што настапуваат деца од цела Европа. Може да се слушаат звучни примери по избор на наставникот и учениците.**

**Активност 5**

**Наставникот презентира сцена од филмот „Хористи“ и им препорачува на учениците да го проследат филмот во своето слободно време.**

***Les Choristes (Хористи) – Vois sur ton Chemin (Следи го својот пат)***

https://youtu.be/eKl6c85lQl4?si=LZP2x-Y_X7MkZzec

**Рефлексија**

**Што учевме денес? Кои композиции ги слушавме? Од какви гласови беа изведени?**

**Средства**

**Уред за слушање музика, проектор.**

**Следење на напредокот**

**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика, учеството и успешноста при реализација на изведбените активности.**

# ВИДОВИ ХОРОВИ И ВОКАЛНИ КАМЕРНИ СОСТАВИ

**Содржини и поими**

**Вокална музика (интерпретатор, женски гласови: сопран, мецосопран и алт; машки гласови: тенор, баритон и бас; детски гласови; женски хор, хор, машки хор, мешан хор, детски хор, вокални камерни состави)**

**Стандарди за оценување**

**Разликува ниски, средни и високи машки и женски гласови во соло изведба, помали состави и хорови и ги наведува нивните називи.**

**Препознава видови хорови од слушната музика.**



## *Сценарио за часот*



***Воведен дел***

**Активност 1**

**Наставникот изготвува и презентира квиз во дигитална форма или друга активност за утврдување на поимите за вокална музика, машки, женски и детски гласови. Потоа презентира примери од машки и женски гласови во соло изведба, а учениците ги препознаваат и ги наведуваат нивните називи.**

***Главен дел***

**Активност 2**

**Наставникот презентира видеопример од хорска изведба. По проследувањето, ги насочува учениците секој со еден збор или фраза да ја опише композицијата (пример: заедно, повеќе гласови, диригент и сл.). Се запишуваат зборовите и од нив се дефинира поимот хор.**

***Македонско оро* – Т. Скаловски**

https://www.youtube.com/watch?v=gNt9ujfgKMI&t=49s

**Композицијата се проследува со видеопример со партитура, а наставникот објаснува како изгледа хорска партитура и на кој начин се изведува. Учениците преку партитурата уште подобро ќе го воочат и аудитивно ќе го препознаат секој глас. Потоа се дефинира поимот мешан хор и од кои гласови е составен.**

**Наставникот презентира примери од машки, женски и детски хор. Учениците го воочуваат составот на хорот и заедно со наставникот го дефинираат називот. Се дискутира за начинот на изведба, жанрот, карактерот на композициите и музичките изразни средства.**

***Хор на ловџиите* – К. М. Вебер,**

**Радиохор – Лајпциг, Штатскапела – Дрезден**

https://www.youtube.com/watch?v=NR5XZ5B02a8

***O sapientia/Мудрост*** **– Т. Вулц,**
**исполнува женскиот хор од Музичкото училиште – Копер**
https://www.youtube.com/watch?v=91gqzFrcsJw

***Нишка бања*** **– српска народна песна,**
**исполнува Хорот на виенските момчиња**
https://www.youtube.com/watch?v=jthbxJn6Ixc

**Активност 3**
**Наставникот презентира видеопримери од камерни вокални состави. Преку дискусија, се воочува разликата помеѓу хор и камерен вокален состав. Се наведува бројот на интерпретатори во камерниот состав (од 2 до 25).**

***Танцот на шеќерната самовила*** **– П. И. Чајковски**
**(од балетот „Оревокршачка"), квинтет Пентатоникс**
https://www.youtube.com/watch?v=jt3oAyK_IG8

***Годишни времиња – Пролет,*** **А. Вивалди,**
**вокален состав** *Carmel a cappella*
https://www.youtube.com/watch?v=Uxs5O6hMBvg

*Забелешка: Наставникот може да избере и други композиции од Листата за слушање музика (прилог кон Програмата) или да презентира соодветни примери по сопствен избор. Композициите може да се слушаат целосно или фрагментарно, а активностите со слушање музика и препознавање на изведувачките состави може да се реализираат и на слободните ученички активности.*

***Завршен дел***
**Активност 4**
**Учениците изготвуваат листа за слушаните вокални композиции (наслов на композицијата, композитор, вид на вокален состав: соло, камерен, хор, карактер на композицијата и забелешка).**

**Рефлексија**
**Што учевме денес? Какви хорови постојат? Какви вокални состави постојат?**
**Средства**
**Уред за слушање музика, проектор, интернет.**
**Следење на напредокот**
**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се**

# ЖИЧЕНИ ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

**Инструментална музика: жичени инструменти (инструментална музика, инструмент/-и како придружба, жичени инструменти, гудачки инструменти: виолина, виола, виолончело, контрабас, гудало; трзачки инструменти: харфа, гитара, мандолина, плектрум/перце; народни инструменти: тамбура, ќемане, канон, ут, саз, чифтелија)**

**Стандарди за оценување**

**Опишува жичени инструменти според звучност, изглед и улога во инструментални состави.**

**Категоризира жичени инструменти според звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави.**



## *Сценарио за часот*



*Воведен дел*

**Активност 1**

**Преку** *Бура на идеи*, **учениците набројуваат музички инструменти. Со помош на наставникот ги групираат според начинот на добивање звук (жичени, дувачки, удирачки и со клавијатура). Се дискутира за формата, начинот на свирење, материјалот од којшто се изработени и какви жанрови на музика изведуваат.**

**Активност 2**

**Наставникот презентира видеопример (симфониски оркестар), а учениците ги воочуваат групите инструменти. Заедно со наставникот ги дефинираат поимите инструментална музика, жичени, дувачки, удирачки и инструменти со клавијатура. Наставникот ги насочува учениците кон групата жичени инструменти и им објаснува дека се делат во две подгрупи: гудачки и трзачки.**

*Главен дел*

**Активност 3**

**Наставникот ги насочува учениците да воочат во дадениот видеопример кои инструменти се најбројни во симфонискиот оркестар. Со помош на наставникот, учениците ги набројуваат гудачките инструменти: виолина, виола, виолончело и контрабас. Наставникот преку визуелна презентација ги објаснува деловите на инструментите, начинот на изработка, начинот на свирење (гудало – гудачки инструменти). Преку видеопримери се воочуваат звукот, начинот на свирење, техничките можности.**

*Капричо* во а-**мол** оп. **1** бр. **24 –** Паганини

**Клара Јуми Канг – виолина** https://www.youtube.com/watch?v=j50gfy1QHPk

Соната ***Arpeggione***, ***I став*** **–** Ф. Шуберт

**Блерим Груби – виола, Марија Вршкова – пијано**

https://www.youtube.com/watch?v=nJnqxUxjHOo



*Лебед* – К. Сен Санс,
Jo–Jo Ma – виолончело
https://www.youtube.com/watch?v=3qrKjywjo7Q



*Слон* – Сен Санс,
Енрико Фагоне – контрабас
https://www.youtube.com/watch?v=QYmBxyjlRJl

**Учениците дискутираат за начинот на свирење, звукот и изведувачките можности на инструментите. Наставникот ги насочува учениците да ги воочат сличностите (форма, гудало, број на жици) и разликите (големина, звук, начин на свирење) помеѓу гудачките инструменти.**

**Активност 4**

**Наставникот презентира звучен пример каде што гудачките инструменти се дел од гудачки оркестар (наспроти претходните примери како соло инструменти или со придружба).**

*Мала ноќна музика, I став* – В. А. Моцарт
https://youtu.be/r_oK8dKlBYc?si=hDogwaSdP7-G1z0m

*Капричо бр. 1* – Д. Шуплевски
**Гудачки оркестар од Музичко училиште – Сплит, Хрватска**
https://youtu.be/kNr9YOmeyDw?si=g1F2PgDcwic5Nrnd

*Завршен дел*

**Активност 5**

**Наставникот ги дели учениците во групи и ги насочува да истражуваат за најпознатите инструменталисти на гудачки инструменти и за мајсторите за изработка на гудачки инструменти во минатото (Страдивари, Гварнери и Амати). Учениците истражуваат и ги споделуваат добиените информации. Активноста може да се изведува и на слободните ученички активности.**

*Забелешка: Наставникот може да избере и други композиции од Листата за слушање музика - прилог кон Програмата. Композициите се слушаат фрагментарно.*

**Рефлексија**

**Што учевме денес? Со кои инструменти се запознавме? Кои се сличностите и разликите меѓу гудачките инструменти?**

**Средства**

**Уред за слушање музика, проектор, таблет-компјутер, компјутер.**

**Следење на напредокот**

**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето.**

# ЖИЧЕНИ ТРЗАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

**Инструментална музика: жичени инструменти (инструментална музика, инструмент/-и како придружба, жичени инструменти, гудачки инструменти: виолина, виола, виолончело, контрабас, гудало; трзачки инструменти: харфа, гитара, мандолина, плектрум/перце; народни инструменти: тамбура, ќемане, канон, ут, саз, чифтелија)**

**Стандарди за оценување**

**Опишува жичени инструменти според звучност, изглед и улога во инструментални состави.**

**Категоризира жичени инструменти според звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави.**

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

**Со кратки прашања од страна на наставникот, учениците повторуваат за гудачките инструменти (дигитален квиз). Наставникот поставува прашање за познавање на други жичени инструменти освен гудачките. Жичените инструменти се класифицираат преку техниката *Грозд*. Најпрво се делат на две групи: жичени и трзачки, а потоа инструментите се запишуваат во секоја подгрупа.**



***Главен дел***

**Активност 2**

**Со помош на наставникот, учениците ги класифицираат жичените инструменти и ги додаваат трзачките инструменти: харфа, гитара и мандолина. Наставникот преку визуелна презентација ги претставува трзачките инструменти и ги поттикнува учениците да ги опишат според изгледот, бројот на жици и материјалот од којшто се изработени. Наставникот ги дообјаснува деловите од кои се составени инструментите. Се разјаснува за називот на групата трзачки инструменти – трзање на жиците со плектрум/перце. Доколку има услови, на часот може да се користат инструменти (гитара и мандолина) за подобро усвојување на изгледот, деловите на инструментите, големината и начинот на свирење.**

**Наставникот презентира видеопримери за воочување на звукот и на начинот на свирење.**

***Убавицата и ѕверот* – Х. Ашман,**
**исполнува Ами Турк**
https://www.youtube.com/watch?v=cS5d2wD8OoI



***Чакона* – С. Л. Вајс,**
**трио гитари: Георги Трајков, Виктор Драганов и Дамјан Илиевски**
https://www.youtube.com/watch?v=YF7pmUaDUuw



***Концерт за мандолина во С-дур*** **– А. Вивалди**
https://www.youtube.com/watch?v=-utT-BD0obk

**Учениците дискутираат за начинот на свирење, жанрот на композициите и звукот на инструментите. Се прави споредба со гудачките инструменти. Се дава заеднички заклучок дека трзачките инструменти имаат различен број жици, различна форма и различен начин на свирење (за разлика од гудачките).**

**Активност 3**

**Наставникот презентира видеопримери за да се воочи улогата на инструментите во оркестар и во камерни состави.**

**Исто така, се дискутира за изведувањето различни жанрови – гитарата во популарната музика, разликата помеѓу акустичната и електричната гитара, гитарата и мандолината во фолклорната музика на другите народи и сл.**

***Капричио бр. 1*** **– Д. Шуплевски,**
**мандолински оркестар „Скопје“**
https://www.youtube.com/watch?v=fmtombnTzNQ
(**Се прави споредба со изведбата на истата композиција од гудачки оркестар.**)

*(Звучни примери во Листата за слушање музика – прилог на Програмата и по избор на наставникот.)*

**Рефлексија**

**Што учевме денес? Со кои инструменти се запознавме? На кој начин се свири на трзачките инструменти? Колку жици има харфата, гитарата и мандолината?**

**Средства**

**Уред за слушање музика, проектор, таблет, компјутер, инструменти (гитара и мандолина).**

**Следење на напредокот**

**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето.**

.

# НАРОДНИ ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

**Инструментална музика:** **жичени инструменти** (**инструментална музика**, **инструмент/-и како придружба**, **жичени инструменти**, **гудачки инструменти**: **виолина**, **виола**, **виолончело**, **контрабас**, **гудало**; **трзачки инструменти**: **харфа**, **гитара**, **мандолина**, **плектрум/перце**; **народни инструменти**: **тамбура**, **ќемане**, **канон**, **ут**, **саз**, **чифтелија**)

**Стандарди за оценување**

**Категоризира жичени инструменти според звучност, изглед, начин на свирење и**

**улога во инструментални состави.** Аудитивно препознава **најмалку пет жичени инструменти во инструментална изведба.**

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

**Со прашања и други активности (квиз, дигитални игри и сл.) се утврдуваат изучените жичени инструменти. Наставникот ги поттикнува учениците да споделат дали познаваат други жичени инструменти. За да се откријат другите инструменти, наставникот дава насоки за активноста** *Детективи*. **Учениците поставуваат прашања, а наставникот одговара со** *да* **или** *не*.

**Активност 2**

**Откако ќе се открие поимот народни инструменти, наставникот дообјаснува за разновидноста и за сличностите меѓу народните инструменти во различни култури, наспроти унифицираноста на класичните инструменти.**



***Главен дел***

**Активност 3**

**Наставникот преку визуелна презентација ги претставува народните жичени инструменти: тамбура, ќемане, канон, ут, чифтелија и саз. Учениците ги воочуваат и ги опишуваат: изгледот, деловите и бројот на жиците. Инструментите се споредуваат според изгледот. Се прави и споредба со класичните жичени инструменти (гудало кај ќеманeто, двојни жици, форма, начин на свирење).**

**Активност 4**

**Наставникот презентира видеопримери за да се воочат звучноста и начинот на свирење.**

***Казанџиско оро*** **(тамбура),**
**Оркестар на народни инструменти на МРТ**
https://www.youtube.com/watch?v=ONysCVD4kfM

***Bir dalda iki kiraz/Две цреши на гранка*** **(саз),**
**соло** Cengiz Ahmet/**Џенгиз Ахмет,**
KGSD Yeni Yol/**Јени Јол, водач** Ilmaz Emin/**Илмаз Емин**
https://www.youtube.com/watch?v=9T7mOHn8-pY&t=186s

***Трновка ситна*** (ќемане)
https://www.youtube.com/watch?v=zV_70WrSINg



***Севдалино малој моме*** (ут и канон)
**Ансамбл Чалгии на МРТ**
https://www.youtube.com/watch?v=7HXpedwOuRQ&t=1570s

***Instrumental me qifteli/Инструментална изведба на чифтелија***
Doruntina Rexhepi/**Дорунтина Реџепи**
https://youtu.be/3zSmlG0Qoas?si=6_GlheeBTJTAIVaI

**Активност 5**
**Наставникот презентира видеопримери по свој избор за да се воочи улогата на народните жичени инструменти во соло изведби, но и во народни ансамбли, народни оркестри.**
**Активност 6**
**Се води дискусија за сличностите во изгледот и формата помеѓу инструментите (пример: тамбура, чифтелија, саз) и застапеноста на инструментите во фолклорните традиции на различни народи на Балканот (со мали разлики во формата, начинот на свирење, мелосот и сл.).**



***Завршен дел***
**Активност 7**
**Учениците ги изработуваат материјалите за учење за утврдување на изучените инструменти (визуелно препознавање).**
**Активност 8**
**Наставникот презентира аудиопримери од сите изучени жичени инструменти, а учениците аудитивно ги препознаваат.**

**Рефлексија**
**Што учевме денес? Кои се народни жичени инструменти?**
**Средства**
**Уред за слушање музика, проектор.**
**Следење на напредокот**
**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето.**

# НАРОДНИ ПЕСНИ

**Содржини и поими**

**Народни песни (трудови, семејни, родољубиви, љубовни, печалбарски, хумористични песни)**

**Стандарди за оценување**

**Ги наведува карактеристиките на народните песни и ги објаснува потеклото и начинот на пренесување на народните песни.**

**Ги класифицира народните песни според содржината, според карактерот и според потеклото.**

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

**Преку *Бура на идеи*, наставникот ги поттикнува учениците да наведат наслови на народни песни. Учениците набројуваат и накратко се пеат наведените песни (по една строфа). Се дискутира за карактерот и за содржината. Наставникот ги поттикнува учениците со прашањата: Зошто се нарекуваат народни песни? Кој ги создал? Кога се создадени? Како се пренесувани подолг временски период? За што се пее во народните песни?** *(Киплинг-прашања).* **Учениците одговараат на прашањата, а наставникот ги надополнува и дообјаснува.**

***Главен дел***

**Активност 2**

**Преку дискусија поттикната од наставникот, учениците наведуваат што спаѓа во фолклорот на еден народ (стари градби, занаети, рачни изработки, обичаи, народна литература, музички фолклор). Се прикажува преку техниката *Грозд*. Се додаваат примери за секој поим. Во музички фолклор се наведуваат песни, ора, народни инструменти. Се преминува на народни песни и се надоврзува на дискусијата од воведниот дел. Наставникот истакнува дека песните се делат според содржината (карактерот) и потеклото.**

**Активност 3**

**Наставникот ги поттикнува учениците да ги дефинираат групите народни песни според содржината (трудови, семејни, родољубиви, љубовни, печалбарски, хумористични песни). Наставникот презентира по еден пример (аудиопример или со пеење) за секоја група, а учениците ја воочуваат содржината на песната и според тоа се дефинира групата. Се дискутира за карактерот и за потеклото на секоја песна. Потоа учениците додаваат и свои примери во секоја група според своите претходни знаења и искуства (народни песни кои ги слушнале на медиумите, на семејни веселби и сл.).**

**Активност 4**
**Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за важноста на негувањето на музичкиот фолклор, посебно од младите генерации, за културниот идентитет на секој народ. Се дискутира и за важноста од дигитално архивирање на музичкиот фолклор. Наставникот презентира видеопримери од народни песни, предложени во Листата за слушање музика – прилог кон Програмата.**

**Активност 5**
**Наставникот презентира звучни примери од познати интерпретатори на народни песни. Учениците проследуваат, дискутираат за начинот на изведба и прават споредба со начинот на интерпретирање на новокомпонирана народна музика.**

***Завршен дел***
**Активност 6**
**Наставникот ги насочува учениците преку техниката *Коцка* да работат во групи за** 6 **различни аспекти на народните песни** (1. *опиши* **каде, како и кога се пеат народните песни,** 2. *именувај* **какви може да бидат народните песни според содржината,** 3. *објасни* **за карактеристиките на народните песни,** 4. *демонстрирај* **сознанија за потеклото и за начинот на пренесување на народните песни,** 5. *категоризирај* **ги народните песни според содржината, карактерот, потеклото и според познатите интерпретатори,** 6. *дискутирај* за тоа **дали ти се допаѓаат** и **зошто**). **Учениците работат во групи, истражуваат, подготвуваат презентација и презентираат.**

.

**Рефлексија**
**Што учевме денес? Што го сочинува фолклорот на еден народ? Што спаѓа во музички фолклор? Како се класифицираат народните песни според содржината?**
**Средства**
**Уред за слушање музика, проектор, пијано, хамер.**
**Следење на напредокот**
**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето.**

# ОБРАБОТКА НА НАРОДНИ ПЕСНИ

**Содржини и поими**

Пеење (опсег a – d2) и свирење на детски музички инструменти (народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, мелодиска вежба, ритмичка вежба, детски музички инструменти)

**Стандарди за оценување**

Изведува (по слух) песни, вежби и едноставни двогласни канони, самостојно/во група. Пее/свири песни и вежби во опсег a – d2, со примена на нотен запис.

## *Сценарио за часот*

*Воведен дел*

**Активност 1**

Преку активности за утврдување (прашања, квиз, дигитални алатки и сл.), учениците ги утврдуваат поимите од содржината за народни песни.

*Главен дел*

**Активност 2**

Наставникот ги насочува учениците кон обработка на народни песни. Песните во прилогот се приспособени според усвоените содржини од Музичка писменост (со мали исклучоци кои се обележани и се изведуваат со помош на наставникот). Доколку песните се обработуваат по слух, може да се избере и друг тоналитет. Песните се обработуваат по вообичаена постапка за обработка по ноти (распејување, читање парлато, пеење со ноти, пеење со текст) или по слух.

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците кон обработка на песните на другите јазици. Прво се усвојуваат со ноти, се препознава јазикот, се истражува за песната и за содржината (*ИКТ-алатки*) и се слушаат примери од различни изведби, а потоа се пеат со текст и се чита преводот (*МИО-активности*).

*Завршен дел*

**Активност 4**

Песните се изведуваат со соодветно темпо и соодветна динамика. Може да се изведуваат и со детски музички инструменти или пеењето да се придружува со народни удирачки инструменти, доколку има услови.

**Рефлексија**

Што учевме денес? Која песна ти се допаѓа најмногу?

**Средства**

Уред за слушање музика, проектор, детски музички инструменти.

**Следење на напредокот**

Усните одговори на прашања поставени од наставникот, одговорите на квизовите (куси тестови) што се дел од поучувањето; учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности (правилна примена на изведувачката техника и на знаењата од Музичка писменост).

# КРЕАТИВНО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ

**Содржини и поими**

Креативно музичко изразување (создавање, танцување, приказни за музиката, музички игри, драматизација)

**Стандарди за оценување**

Парафразира одредени музички модели во сопственото креативно изразување.

Нуди идеи за изведби со кои музиката се поврзува со други начини на креативно изразување.

## *Сценарио за часот*

*Воведен дел*

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците да изготват листа со најомилени народни песни. Се дискутира за содржината на песните и се изготвува класификација според содржината, карактерот и потеклото на песните.

*Главен дел*

**Активност 2**

Наставникот ги поттикнува учениците да изберат народни песни и да создадат драматизација, односно да создадат текст со кој ќе ги поврзат песните во една целина – кратка драмска претстава со глумење, пеење и играње. Со текстот може да се прикаже минатото, но и да биде во современ контекст. Учениците даваат идеи и ги споделуваат улогите и активностите, според афинитетите. Сите активности, освен на часот, може да се реализираат и на слободните ученички активности.

*Завршен дел*

**Активност 3**

Подготвената драматизација може да се изведе по повод патрониот празник на училиштето или како посебен настан. Доколку има повеќе паралелки во училиштето, може да се координираат меѓу себе во заедничка претстава, како резултат на содржината за народни песни. Учениците може да учествуваат во подготовката и во реализацијата на настанот (костимографија,сценографија, изготвување плакати, промоција на настанот и сл.). (*Проектна активност*)

**Рефлексија**

Во кој дел од активностите сакаш да учествуваш? Зошто?

**Средства**

Уред за слушање музика, проектор, таблет-компјутер, компјутер.

**Следење на напредокот**

Учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности (правилна примена на изведувачката техника и знаењата од Музичка писменост), усните одговори на прашања поставени од наставникот.

# СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

**Пеење (опсег a – d2) и свирење на детски музички инструменти (народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, мелодиска вежба, ритмичка вежба, детски музички инструменти)**

**Стандарди за оценување**

**Пее/свири песни и вежби во опсег a – d2, со примена на нотен запис.**



## *Сценарио за часот*



***Воведен дел***

**Активност 1**

**Наставникот ја свири на пијано „Ода на радоста" од Л. В. Бетовен. Ги прашува учениците дали им е позната мелодијата. Им објаснува дека композицијата е извадок од „Симфонија бр. 9" од Л. В. Бетовен (текст Ф. Шилер) и дека е химна на Европската Унија. Се води дискусија за Денот на Европската Унија.**

**Активност 2**

**Наставникот презентира звучен пример од композицијата по свој избор (според изведбата). Се дискутира за карактерот на композицијата (темпо, динамика, изведба и сл.). Наставникот ги насочува учениците кон обработка на композицијата со детски музички инструменти.**

*Забелешка: Наставникот го приспособува аранжманот според условите за работа, односно според инструментариумот. Доколку нема мелодиски инструменти, мелодиските линии може да се пеат по ноти или текст – двоглас или наставникот (или ученик) да ја свири на пијано. Доколку нема ритмички инструменти, може да се изведува со инструменти изработени од учениците.*

***Главен дел***

**Активност 3**

**Наставникот ги дели учениците во групи според аранжманот на композицијата. Делниците се вежбаат одделно. Потоа се работи одделно со мелодиски и ритмички инструменти и на крајот комбинации од делниците. По увежбувањето, композицијата се свири заедно. Се вметнуваат знаци за темпо и динамика, кои учениците ги користат во изведбата според карактерот на композицијата**

***Завршен дел***

**Активност 4**

**Учениците дискутираат за начинот на изведба во текот на вежбањето (темпо, динамика, точна изведба, техника на свирење и сл.).**

**Активност 5**

**Изведбата на учениците може да се сними и да се објави на веб-страницата на училиштето или да се изведе во рамките на училишна приредба.**

**Рефлексија**

**Која композиција ја обработивме денес? Дали сте задоволни од начинот на изведба?**

**Средства**

**Уред за слушање музика, пијано, детски музички инструменти.**

**Следење на напредокот**

**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности (правилна примена на изведувачката техника и знаењата од Музичка писменост).**

# Ода на радоста

**Радост бистра, убост чиста, ќерко од Елизија!**
**Опивна си моќ што плиска, занес и поезија.**
**Твојте сништа опој шират, занес и поезија.**
**Сите луѓе да се смират, духот твој ги сплотува.**

Gëzim ti je i mrekullueshëm jetën tonë ti e stolis,
n'pragun tënd o të magjishëm buron kënga udhën nis.
Se atë që mbyt mërzia ti sërisht e gjallëron,
vllazërohet njerëzia flatra jote kudo shkon.
*(албански)*

**Радост краси све лепоте, кћери из Елизија!**
**Опојна ти моћ красоте, узвишена мисија.**
**Твоје снове вежу нити, што растави многа зла.**
**Сви ће људи браћа бити, крило твоје спајат' зна.**
*(српски)*

Kardeş olun ey insanlar, bunu ister tanrımız!
Bu dünyada her şey geçer, yalnız sana dost kalır.
İnsanlığa doğruluğa, göğsünü aç korkma sakın.
Hür doğmuştur insanoğlu, hür yaşamak hakkıdır.
*(турски)*

Radost krasi sve ljepote, kćeri iz Elizija!
Opojna ti moć krasote, uzvišena misija.
Tvoje snove vežu niti, što rastavi mnoga zla.
Svi će ljudi braća biti, krilo tvoje spajat' zna.
*(босански)*

# НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ МУЗИЧКИ ДЕЛА

**Содржини и поими**

**Насочено слушање музички дела (темпо, динамика, карактер на музиката, наслов на делото, композитор, жанр, елементи на музичката форма, изведувачки состав; свечена песна – химна, соло песна)**

**Стандарди за оценување**

**Препознава музички изразни средства во слушаната композиција/свечена песна – химна /соло песна и ги именува со стручни изрази.**

**Препознава изведувачки состав и елементи на музичката форма во музичко дело што го слуша.**

*Забелешка: Насоченото слушање музички дела може да биде интегриран дел од часот или час на кој ќе се обработи едно дело за да се утврдат повеќе содржини кои биле претходно усвоени. Во Листата за слушање композиции (прилог на Програмата) има предложено повеќе композиции, а наставникот прави избор. Затоа, ова сценарио за час не обработува конкретна композиција, туку дава предлози за активности кои наставникот ги приспособува.*

## *Сценарио за часот*

***Воведен дел***

**Активност 1**

**Наставникот ги насочува учениците кон композицијата со прашања и дискусија. Доколку се слуша композиција со програмски карактер, ги упатува кон содржината (насловот). Преку активности за утврдување, се повторуваат изучените содржини кои се среќаваат во делото (на пример: музичка форма, употреба на стручни називи за музичките изразни средства, изведувачки состав и сл.).**

***Главен дел***

**Активност 2**

**При презентирање на композицијата, наставникот ги запишува на табла насловот на композицијата и името и презимето на композиторот. Ги насочува учениците на што да обрнат внимание. По завршување на композицијата, поставува прашања, а учениците одговараат или дискутираат за естетското доживување на композицијата. Композицијата се слуша повеќекратно.**

**Активност 3**

**Наставникот може да користи техники, приспособени за слушање музика.**

**Предлог-техники:**

*Скелетен приказ*

**По повеќекратното слушање на композицијата, учениците, според сопственото доживување, треба да напишат: реченица, фраза, збор, симбол или скица, боја и да ја дополнат реченицата: „Композицијата ми се допадна поради...“**

*Вртелешка*

**Наставникот подготвува три хамери и запишува називи, односно што треба да опишат учениците по повеќекратното слушање на композицијата и запишаните белешки (на пример: карактер, темпо, динамика, изведувачи). Ги дели учениците во три групи. По заедничка дискусија во групата, се запишуваат сознанијата – секоја група со различна боја на фломастер на секој хамер. Потоа трите хамери ротираат и секоја група допишува со својот фломастер нешто што мисли дека претходната група испуштила, а треба да е напишано или своето поразлично доживување на композицијата. На крајот, секоја група презентира и се дискутираат напишаните содржини. Учениците објаснуваат за музичките изразни средства и ги категоризираат композициите според композиторот, изведувачкиот состав, жанрот и елементите на музичката форма.**

*Музички новинари*

**По повеќекратно слушање на композицијата, учениците пишуваат новинарски текст во кој ги опишуваат: композицијата, изведбата, музичките изразни средства и други елементи според насоки на наставникот. Оваа активност може да се реализира и доколку учениците присуствуваат на концерт.**

*Други активности*

**Импресиите од композицијата може да се искажат преку цртеж, говорна вежба, кореографија и сл. Може да се изготви графикон за музичката форма, доколку тоа е во рамките на изучените содржини.**

***Завршен дел***

**Активност 4**

**Учениците заедно со наставникот истражуваат за различни изведби на композицијата. Ги споредуваат (темпо, динамика, начин на изведба, диригент и сл.) и искажуваат сопствен став за тоа која изведба им се допаѓа повеќе и зошто. По насоки на наставникот, истражуваат за композиторот и за епохата во која е напишано делото.**

**Рефлексија**

**Која композиција ја слушавме денес? Кој ја компонирал? Кои се твоите впечатоци од композицијата?**

**Средства**

**Уред за слушање музика, проектор.**

**Следење на напредокот**

**Усните одговори на прашања поставени од наставникот, учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување, одговорите на квизовите (куси тестови) што се**

# Материјали за учење за учениците

(второ полугодие)



# ВОКАЛНА МУЗИКА



1. **Одговори на следните прашања:**

**Која музика ја нарекуваме вокална?**

**Објасни што значи зборот *а капела* (*a capella*).**



**Наброј какви гласови постојат.**



2. **Поврзи.**

| | |
|---|---|
| **Хор** | **Еден/една изведувач/** изведувачка |
| **Соло изведба** | **Од** 2 **до** 25 **изведувачи** |
| **Вокален камерен состав** | **Над** 25 **изведувачи** |



# ВИДОВИ ГЛАСОВИ

1. **Пополни.**

|  | *Високи* | *Средни* | *Ниски* |
|---|---|---|---|
| *Женски гласови* | | | |
| *Машки гласови* | | | |

2. **Објасни ја разликата помеѓу детските и гласовите на возрасните.**

3. **Опиши го гласот на твојот омилен пејач, односно на твојата омилена пејачка (боја, опсег, начин на изведба и сл.).**

# ЛИСТА ЗА СЛУШАЊЕ ВОКАЛНА МУЗИКА

1. **Запиши ги основните податоци за композициите кои наставникот ги презентира на час. Запиши и своја забелешка за секоја композиција.**






| *Наслов на композицијата* | *Композитор* | *Изведувачи (соло, камерен состав, хор)* | *Карактер на композицијата* | *Забелешка* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |



# ВИДОВИ ХОРОВИ

**Според фотографиите, одреди за какви хорови станува збор.**



1.



2.



3.



4.

**Кои гласови се застапени во секој од овие хорови?**

1. ______________________________

2. ______________________________

3. ______________________________

4. ______________________________

# ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ



1. **Наброј ги гудачките инструменти.**

2. **Зошто оваа група е наречена гудачки инструменти?**



3. **Кои се сличностите и разликите помеѓу гудачките**



*Сличности*

*Разлики*



4. **Со броеви од 1 до 4, обележи ги инструментите според висината на звукот (1 за инструментот со највисок звук). Потоа, називите поврзи ги со соодветните инструменти.**

**__Виолончело_виолина_контрабас_виола**



# ТРЗАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1. **Опиши ги трзачките инструменти (изглед, форма, материјал на изработка, број на жици, начин на свирење и сл.). Напиши наслов на една композиција (и композитор) за секој инструмент.**







# НАРОДНИ ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ

1. Напиши ги називите на инструментите.













2. Кои народни жичени инструменти се слични по форма?

# ЛИСТА ЗА НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ МУЗИЧКИ ДЕЛА

1. **Запиши ги основните податоци за композициите кои наставникот ги презентира на часот. Запиши и своја забелешка за секоја композиција.**

| *Наслов на композицијата* | *Композитор* | *Изведувач/-и* | *Карактер на композицијата* | *Забелешка* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

2. **Која е твојата омилена композиција? Напиши краток текст во кој ќе ги опфатиш најбитните информации за композицијата, притоа користејќи стручни изрази. Објасни зошто ти е омилена.**



# ПРИЛОГ

## Материјали за изведбени активности



# АЗБУКА

В. А. Моцарт




# А, Б, В...

*(Музика од телевизиската серија „Бушава азбука“)*

Автор на музика: В. Стефановски




** Со помош на наставникот*

https://youtu.be/dZBEixVK4bg?si=nZhj9sMyVv7nXJ6j

*Аранжман: В. Стефановски, Б. Арсовски, Г. Тавитијан*

## ДОНЕ МАМИНО



Јас ќе ти ку-пам сви-ле- но фус-тан- че, До -не ма- ми- но, До -не ма-ми - но.
Ти да го но- сиш, јас да те гле - дам, До -не ма- ми- но, До -не ма-ми - но.



Трен - да- фил-че-то, ка- ра ка-ран-фил-че-то кит - ка ша-ре- на, не-ми-ри-са - на.

Јас ќе ти купам срмено елече, Доне мамино.
Ти да го носиш, јас да те гледам, Доне мамино.
Трендафилчето, кара каранфилчето
китка шарена, немирисана.

Јас ќе ти купам ковано коланче, Доне мамино.
Ти да го носиш, јас да те гледам, Доне мамино.
Трендафилчето, кара каранфилчето
китка шарена, немирисана.

## БОРЈАНО, БОРЈАНКЕ



Бор - ја - но, Бор- јан - ке, сал ти ли си мо- ма,



сал ти ли си мо - ма, сал ти ли знајш да пе - еш.

Гласот ти се слуша
дур' до нашта нива,
дур' до нашта нива мори,
до чичова слива.

Српот си оставив
тебе да те слушам,
тебе да те слушам,
која песна пееш.

Која песна пееш
таа да засвирам,
таа да засвирам,
оро да заиграм.

## САДИЛА ЈАНА



Са - ди - ла Ја - на ле- ле, са - ди - ла Ја - на,



са - ди- ла Ја - на ле- ле, ран бел бо - си - лок.

Како го садила леле,
како го садила,
како го садила леле,
не се вратила.
Ми се вратила леле,
ми се вратила,
ми се вратила леле,
рано в' недела.

Оздола иде леле,
оздола иде,
оздола иде леле,
лудо ем младо.
Право си трга леле,
право си трга,
право си трга леле
в' Јанина бавча.

Скини ми Јано леле,
скини ми душо,
скини ми Јано мори
ран бел босилек.
Ако си ерген лудо,
ако си ерген,
ако си ерген лудо,
само скини си.

Ако си женето лудо,
ако си женето,
ако си женето лудо,
врви си патот.

## ДУЊЕ РАНКЕ




Иди кући очешљај се, леле дуње ранке.
Дуње ранке, дуње ранке, крушке караманке.

Онда дођи коло води, леле дуње ранке.
Дуње ранке, дуње ранке, крушке караманке.

## ÜSKÜDAR’A GIDER IKEN




Kâtip uykudan uyanmış gözleri mahmur.
Kâtip benim ben kâtibin el ne karışır,
Kâtibime kolalı da gömlek ne güzel yaraşır.

Üsküdar'a gider iken bir mendil buldum.
Mendilimin içine (de) lokum doldurdum.

Kâtibimi arar iken yanımda buldum.
Kâtip benim ben kâtibin el ne karışır,
Kâtibime kolalı da gömlek ne güzel yaraşır

## JARNANA




O me dorënde tënde moj balluk’ e prërë
Dora m’u ndodh zënë trendafil me ere?
Jarnana....

Me se t’u ndodh zënë moj balluk’ e prërë?
Me unazëne tënde, trendafil meere.
Jarnana....

## OD MORA IDU SVATOVI




Ajka ja majci plakala,
ne daj me majko daleko.

Osta mi cviće nejako.
Često ga majko zalivaj.

Uveče groznim suzama,
ujutro rosom ledenom.

* *Се пее со помош на наставникот, доколку песните се обработуваат по ноти.*

## ПРЕВОД НА ПЕСНИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

### Дуњи ранки

Оди дома облечи се, леле дуњи ранки*.
Дуњи ранки, дуњи ранки, крушки
караманки*. Оди дома начешлај се, леле
дуњи ранки.
Дуњи ранки, дуњи ранки, крушки
караманки. Па дојди и оро води, леле дуњи
ранки.
Дуњи ранки, дуњи ранки, крушки караманки.
(* вид дуњи и круши)

### Додека одев накај Ускудар

Додека одев накај Ускудар, заврна дожд.
Палтото на мојот писар е долго,
здолништето му е калливо.
Писарот се разбуди од сон,
очите му се заматени.
Писарот е мој, јас сум негова,
а другите не можат да се мешаат.
Штирканата кошула убаво му
стои.
Додека одев накај Ускудар, најдов марамче.
Ставив локум во марамчето.
Додека го барав мојот писар,
го најдов покрај мене.
Писарот е мој, јас сум негова
и другите не можат да се мешаат.
Штирканата кошула убаво му
стои.

### Јарнана

Не ми даваш ни вода ти,
девојче со кратка коса,
иако ти давам ружа миризлива.
Јарнана, Јарнана, Јарнана пуста била.
Со твојата рака,ти девојче со кратка коса.
Раката ми е зафатена со ружа миризлива.
Со што ти е зафатена раката, ти девојче со кратка коса?
Со твојот прстен, ружо миризлива.

### Од морето идат сватови

Од морето, од морето идат сватови и
ја водат и ја водат Анка Сарајка.
Анка ѝ плачела на мајка ѝ:
не ме давај мајко далеку,
ќе ми остане цвеќето нејако.
Често мајко полевај го,
навечер со грозни солзи,
наутро со роса ледена.

# СО ПЕСНА НИЗ СВЕТОТ



## Yeher wahn shiang

*(Мала сребрена месечина)*

Кина




## Pec nam spadla

*(Печката ни падна)*

Словачка




## Lundi matin

*(Понеделник наутро)*

Франција



# El farolero

*(Палач на фенери)*

Шпанија




# Tao Tao po!

*(Здраво!)*

Филипини




# Kuckuck

*(Кукавица)*

Германија




# Obwasanasah

*(Знаменитостите)*

Гана





# ОДА НА РАДОСТА

Л.В.Бетовен





# Ода на радоста

**Радост бистра, убост чиста, ќерко од Елизија!**
**Опивна си моќ што плиска, занес и поезија.**
**Твојте сништа опој шират, занес и поезија.**
**Сите луѓе да се смират, духот твој ги сплотува.**

Gëzim ti je i mrekullueshëm jetën tonë ti e stolis,
n'pragun tënd o të magjishëm buron kënga udhën nis.
Se atë që mbyt mërzia ti sërisht e gjallëron,
vllazërohet njerëzia flatra jote kudo shkon.
*(албански)*

**Радост краси све лепоте, кћери из Елизија!**
**Опојна ти моћ красоте, узвишена мисија.**
**Твоје снове вежу нити, што растави многа зла.**
**Сви ће људи браћа бити, крило твоје спајат' зна.**
*(српски)*

Kardeş olun ey insanlar, bunu ister tanrımız!
Bu dünyada her şey geçer, yalnız sana dost kalır.
İnsanlığa doğruluğa, göğsünü aç korkma sakın.
Hür doğmuştur insanoğlu, hür yaşamak hakkıdır.
*(турски)*

Radost krasi sve ljepote, kćeri iz Elizija!
Opojna ti moć krasote, uzvišena misija.
Tvoje snove vežu niti, što rastavi mnoga zla.
Svi će ljudi braća biti, krilo tvoje spajat' zna.
*(босански)*

# ОБРАБОТКА НА ПЕСНИ ПО НОТИ

## ДЕЦА РАСПЕАНИ






## ЕСЕНСКА УБАВИНА






# ВАЛЦЕР НАСНЕГУЛКИТЕ




# ПРОЛЕТНА ПЕСНА



# ЕКОЛОШКА ПОРАКА






*Превод на текстот на песните на албански јазик*

## Fëmijë thuani këngës




## Bukuria e vjeshtës




## Vallëzimi i fjollave



## Këngë pranverore




## Porosi ekologjike



*Превод на текстот на песните на турски јазик*

## Şarkı söyleyen çocuklar




## SONBAHAR GÜZELİĞİ




## KAR TANELERİ BİR VALS



# BAHAR ŞARKISI




# ÇEVRE ŞARKISI



*Превод на текстот на песните на српски јазик*

## ДЕЦА РАСПЕВАНА




## ЈЕСЕН




## ВАЛЦЕР СНЕЖНИХ ПАХУЉИЦА



## ПРОЛЕЋНА ПЕСМА




## ЕКОЛОШКА ПОРУКА



*Превод на текстот на песните на босански јазик*

## DJECA RASPJEVANA




## JESEN




## VALCER SNJEŽNIH PAHULJICA



## PROLJEĆNA PJESMA




## EKOLOŠKA PORUKA



## Дополнителни насоки

**Сценаријата за час се изготвени според содржините во Програмата. Во нив се дадени повеќе активности, а наставникот избира и ги приспособува според условите за работа и можностите и интересите на учениците.** Наставникот го планира **редоследот на часовите според сопственото планирање. Дел од активностите може да се реализираат на слободните ученички активности.**

**Во Прирачникот се дадени** 30 **сценарија за час. Поради ограничување на обемот на материјалот, останатите часови се планирани за изведбени активности за кои се дадени материјали во прилог на Прирачникот. Дел од тие материјали може да се изведуваат интегрирано на час или како самостојни активности во рамките на еден час. Во изведбените активности може да се реализираат: обработка на песни по слух (дадени во Листата за слушање музика – прилог кон Програмата), обработка на песни по ноти (дадени во прилог на Прирачникот), претходно изучени песни по слух, кои сега се изучуваат со ноти и додавање музички изразни средства, свирење на детски музички инструменти (според аранжманите во Прирачникот). Наставникот може да користи и свои материјали. Изведбени активности се застапени и во содржината Креативно музичко изразување.**

**Материјалите за учење се приспособени според сценаријата за час и се креирани** за **ученикот да може сам да ги дефинира и да ги утврди содржините и поимите кои треба да ги усвои (според насоките од новата Концепција). На тој начин стекнатото знаење ќе биде утврдено на часот, а когнитивните функции на ученикот ќе бидат на повисоко ниво – наученото ќе биде со разбирање преку искуствено учење, со понатамошна примена на наученото на нов начин и во различни концепти.**

Прирачник по музичко образование за шесто одделение

Издавач: Биро за развој на образованието

Уредник: Абдулфета Фетаи

Автор:
м-р Павлинка Вељаноска

Стручна поддршка:
м-р Иванка Мијиќ, координатор
Рајмонда Незири, координатор
Невена Бошковска
Горан Стојанов

Лектор: Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање - Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016(035)

ВЕЉАНОСКА, Павлинка
Прирачник по музичко образование за шесто одделение [Електронски извор] / Павлинка Вељаноска. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://brogovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/bro_macedonia_bro_gov_mk/EeHXFZpMyQROo8aaHBrJOq8B0L9VUg5EmWOsBN1l5FkXJQ?e=FX7vxg.
- Текст во ПДФ формат, 134 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.04.2024

ISBN 978-608-206-148-1

COBISS.MK-ID 63541765